РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - ИНСТИТУТ ЗА ОДБРАНА
СКОПЈЕ

# ДЕМОГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ГРАНИЧНИОТ ПОЈАС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРЕМА СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА И НИВНОТО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОДБРАНАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**-МАГИСТЕРСКИ ТРУД-**

**МЕНТОР**
**Проф. д-р Митко Котовчевски**

**ИЗРАБОТИЛ**
**Александар Ковачевски**

**Куманово, 1997 година**

# СОДРЖИНА

УВОД....4
1. Потреба и карактер на истражувањето....4
2. Тематска и содржинска насоченост на темата....6
3.Досегашни истражувања....6
ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО....7
1. Дефинирање на предметот на истражувањето....7
2. Операционално определување на предметот на истражувањето....8
ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО....8
ХИПОТЕЗИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО....9
МЕТОД НА РАБОТА....11
1. Методи и техники на истражувањето....11
1.1 Основни методи....11
1.2. Посебни методи....11
2. Техники за обработка на податоците....11
3. Примерок на варијабли....12
3.1. Независна варијабла....12
3.2. Зависна варијабла....12
4. Примерок на истражувањето....13
НАУЧНА И ОПШТЕСТВЕНА ОПРАВДАНОСТ....13
ПРВ ДЕЛ....14
I. ВОЕНО ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА Р. МАКЕДОНИЈА И ГРАНИЧНИОТ ПОЈАС НА РЕПУБЛИКАТА ПРЕМА ГРАНИЦАТА СО СР ЈУГОСЛАВИЈА....15
I.1. Некои аспекти на трериторијалното разграничување меѓу Р. Македонија и СР Југославија....15
I.2 Територијалното разграничување меѓу републиките од II заседание на АВНОЈ и I заседание на АСНОМ до донесување на Уставот во 1946 година....19
I.3. Територијалното разграничување по донесувањето на уставот од 1946 и уставите на Народните Републики....20
I.4. Границата на Република Македонија....25
I.4.1. Граница на Република Македонија према СР Југославија....25
ВТОР ДЕЛ....29
II. ПОПУЛАЦИСКО - ДЕМОГРАФСКИ РАЗВОЈ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО Р. МАКЕДОНИЈА И ВО ГРАНИЧНИОТ ПОЈАС НА Р. МАКЕДОНИЈА ПРЕМА СР ЈУГОСЛАВИЈА....30
II.1. Развојот на вкупното население на Р. Македонија во периодот пред и по Втората Светска Војна....30
II.2. Општи трендови во развојот на вкупното население во граничниот појас на Р. Македонија....32
II.2.1. Движење на вкупното население во граничниот појас на РМ према СРЈ 33
II.3. Густина и половата структура на населението на Р. Македонија и населението во граничниот појас на Р. Македонија према СР Југославија....44
II.3.1. Густина и полова структура на населението на Р. Македонија според пописите....44
II.3.2. Густина и половата структура на населението во граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија....45

II.4. Трендови во движењето на населението во граничните подрачја на Република Македонија према СР Југославија ....53
II.4.1 Граничен појас од 0 - 5 км. ....53
II.4.2. Граничен појас од 6 - 10 км. ....61
II.4.3. Граничен појас од 0 - 10 км. ....70
II.5. Население во граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија според национална припадност ....72
II.6. Старосната структура на населението во граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија ....87
II.7. Процесот на стареење на населението во граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија ....103
II.7.1. Процесот на стареење на населението во граничниот појас од 0 - 5 км. према СР Југославија ....108
II.7.2. Процесот на стареење на населението во граничниот појас од 6 - 10 км. према СР Југославија ....113
II.8. Домаќинства и бројот на членовите на домаќинствата во граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија ....118
II.8.1. Структура на семејните домаќинства ....121
II.9. Миграциони движења ....127
II.9.1. Улогата на миграционата компонента во етнодемографските процеси во граничниот појас на Република Македонија према границата со СР Југославија ....127
ТРЕТ ДЕЛ ....129
III. Влијание на демографските движења врз подготовките и организирањето на одбрамбено - заштитниот систем ....130
III.1. Влијание на демографските движења врз пополнувањето на вооружените сили и другите структури во системот на одбраната ....130
III.1.1. Воената организација на Република Македонија - Армија на Република Македонија ....130
III.1.2. Влијание на демографските движења врз водењето на невооружена борба и отпор на населението ....135
ЧЕТВРТИ ДЕЛ ....137
IV. Утврдување на моделот на прогноза на населението во граничните подрачја на Република Македонија према СР Југославија ....138
ПЕТТИ ДЕЛ ....144
V. Заклучни согледувања ....145
Литература ....149
Прилози ....155

# УВОД

## 1. Потреба и карактер на истражувањето

Промените и процесите што настанаа по завршувањето на студената војна, при крајот на осумдесетите години на просторите на источна и југоисточна Европа, а во тие рамки и на Балканот, доведоа до распаѓање на реалсоцијализмот како општествен систем во земјите на овие простори, како и фрагментација и распаѓање на поранешната СФР Југославија.

Дезинтеграцијата на поранешната СФРЈ и создавањето на повеќе независни самостојни држави меѓу кои и Република Македонија, доведе до промени во граничната структура на Република Македонија, односно до консолидација на државната граница, пред се на северната граница према територијата на СР Југославија која дотогаш беше само административна во заедничката држава.

Населението како носител на остварувањето на сите функции во било кој простор, а човекот како основен двигател на војната и нејзино примарно средство, има посебно значење и улога за функционирањето на одбрамбениот систем.

Поради тоа, демографскиот фактор, претставува доминантна и изворна компонента на севкупниот воен потенцијал на одредена земја. Војувањето и военото производство, не може да се замисли без активно присуство и учество на живата сила и нејзината улога и значење во остварувањето на севкупните одбрамбени активности на одреден простор. Најсовршен инструмент на војната сé уште е човечкиот ум и сеуште нема ништо што би можело да му биде еднакво на техничкото поле, без оглед на големите достигања на науката. Човекот е планер на воените операции и воен реализатор.

Вкупната бројна состојба на населението на одредена земја односно на одреден простор, влијае врз големината на вооружените сили, односно ги одредува квантитативните показатели на оперативната и производствена армија и нивната внатрешна пропорција. Анализата на старосната пирамида, нарочно на годиштата од 19 до 65 години старост (пред сé од машката страна на пирамидата), дава драгоцени податоци при планирањето и процената на живата сила и нејзината улога во системот на одбраната. Географската разместеност на населението, т.е. бројот на населението по населени места е еден од многуте значајни показатели на воените потенцијали и можности за организирање и

функционирање на севкупниот одбрамбено - заштитен систем на одреден простор, а од друга страна, густината на населението е параметар кој мора да се има предвид при спроведувањето на подготовките за одбрана, бидејќи во ерата на најсовременото вооружување кога од секоја точка несметано може да се бие секоја друга точка на земјината површина, поради што не е сеедно дали поголемиот број на населението е концентриран на еден определен простор или пак истото е во расфрлена состојба.

Стапката на прираст на населението на одреден простор дава многу уверлива слика за тоа дали се зголемува и јакне демографскиот потенцијал или пак опаѓа.

Здравствените состојби и психофизичката кондиција на населението, школската квалификација, степенот на образованието, животниот стандард и др. како елементи на демографскиот фактор, битно влијаат врз силата и способноста на одредена земја или простор во водењето на вооружената борба.

Популационите закони и нивните манифестации претставуваат, покрај друго, барометар на виталноста на секоја нација, а селското население и вкупната рурална инфраструктура во граничниот појас, во воени услови, претставува важна производствена база и извор за пополнување со материјални средства и жива сила.

Исто така, и интензивните и неконтролирани процеси на урбанизација, деаграризација и миграционите движења, како и просторниот распоред на населението, се одразуваат врз пополнувањето на вооружените сили и севкупната одбрана.

Од овие причини, треба посеопфатно и научно да се истражуваат и согледаат сите проблеми во овие подрачја, а со овој труд истите тие промени ќе бидат истражени во граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија и на тој начин ова истражување ќе даде придонес во едно целосно научно заокружување и дополнување на вкупните состојби во врска со демографските и социо-економските карактеристики на целиот граничен појас на Република Македонија.

Ова истражување произлегува од фактот, што досега освен собирање на одреден вид податоци и нивната обработка, а се однесувале за граничниот појас на Република Македонија према ганицата со СР Југославија, не се изведувани некои покомплексни научни истражувања од оваа област, поради што, произлегува големата општествена потреба за посериозно научно истражување на оваа проблематика.

По својот карактер, ова истражување ќе биде научно емпириско, со основна цел собирање, статистичка обработка и интерпретирање на релевантниот емпириски материјал врз чија основа ќе може позасновано да се заклучува за основните параметри на проблемот кој се обработува со оглед на тоа што, досега во

Република Македонија не се вршени истражувања од овој вид во овој пограничен појас со СР Југославија.

## 2. Тематска и содржинска насоченост на темата

При истражувањето на оваа проблематика неопходно е да се тргне од тоа дека одбраната на Република Македонија се организира врз современи основи и се потпира врз три основни столба: вооружените сили, цивилната одбрана и вклучувањето во колективниот систем на одбрана и безбедност, со максимално користење на демографските и економските потенцијали на земјата.

Меѓутоа, имајќи ја во предвид нивната ограниченост, условена од малите демографски и просторни димензии на Република Македонија, нивното рационално користење треба да овозможи непрекинато водење на долготрајна исцрпувачка одбрамбена војна со силите на агресорот.

Просторот во граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија нуди големи потенцијални можности за успешно организирање на одбраната и водење на одбрамбена војна ако успешно се користи, подготвува и организира. Демографскиот потенцијал на одреден простор, рамномерно разместен, овозможува брза мобилизација и развој на вооружените сили и другите структури на системот на одбрана и ефикасна одбрана и заштита од сите видови на агресија.

Процесите на миграцијата, во граничниот појас према СР Југославија, посебно централниот и источниот дел од појасот, претставувале и представуваат постојано динамично миграциона зона, кои и ден денес се изразени и кои отворија и сé уште отвараат можности за потполно испразнување на одделни населени места во овие делови на појасот, а според своите карактеристики и местоположба се мошне значајни.

Од друга страна, западните делови на појасот, пред сé оние подрачја во кои живее поголем процент на албанско население, бележат зголемена населеност што представува појава мошне значајна за истражувањето.

## 3.Досегашни истражувања

Иако постои богат фонд на стручна и научна литература од областа на демографското и просторното планирање и од областа

на одбрамбената проблематика, освен научните истражувања на: "**ДЕМОГРАФСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА РИДСКО - ПЛАНИНСКИТЕ И ПОГРАНИЧНИТЕ ПОДРАЧЈА НА Р. МАКЕДОНИЈА И НИВНОТО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ВОДЕЊЕ НА ОПШТОНАРОДНАТА ОДБРАМБЕНА ВОЈНА"** (докторска дисертација) од Доц.д-р Митко Котовчевски, 1990 год. се уште во Република Македонија не постојат научни трудови кои поблиску ја обработуваат оваа проблематика во овој просторен граничен амбиент, па и оттука ова истражување на демогеографските карактеристики на граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија, ќе даде еден огромен придонес во научното сознание за вистинските состојби на овој дел од нашата државна граница, а со тоа и во градење на ефикасна одбрамбена политика. [1)]

Можноста, за примената на резултатите од ова истражување, ја условува и општествената оправданост на истражувањето и треба да придонесе кон градењето и креирањето на одбрамбено заштитниот систем на Република Македонија.

# ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Дефинирање на предметот на истражувањето

Граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија, представува широк географски, економски, социјален и друг простор, кој може да представува значаен чинител и погодна рамка за одржувањето и јакнењето на борбениот потенцијал т.е. солидна основа за пополнување на вооружените сили и другите структури на системот на одбраната на Република Македонија.

Според тоа, предмет на истражувањето на овој труд ќе представува: "**ДЕМОГЕОГРАФСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ГРАНИЧНИОТ ПОЈАС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

[1)] Другите трудови кои се во непосредна врска со нашето истражување, а кои се малубројни во Република Македонија, ќе бидат детално анализирани во самиот магистерски труд.

**ПРЕМА СР. ЈУГОСЛАВИЈА И НИВНОТО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОДБРАНАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА".**

## 2. Операционално определување на предметот на истражувањето

Како што е претходно напомнато, со ова истражување ќе се доведат во корелација демографските карактеристики на граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија, и нивното влијание врз организирањето, подготвувањето и водењето на одбранбената војна.

Истражувањето ќе се реализира преку утврдувањето на :

1. Демографските промени во населените места во граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија и тоа од 0 до 5 км., од 6 до 10 км. и од 0 до 10 км.

а) Промените во биогенетичка и старосна структура на населението, анализа на трендовите на движењето на населението, густината и половата структура, како и природното и механичкото движење на населението.

б) Процесот на староењето на населението;

в) Природниот прираст на населението;

г) Миграционите движења (рурално урбани миграции).

# ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Основната цел на ова истражување е: утврдување на влијанието на демогеографските карактеристики на граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија и нивното влијание врз успешното организирање на одбраната на Република Македонија.

Врз основа на општата цел, непосредната цел на истражувањето ќе биде, утврдување на релевантната демографска структура во тој граничен појас и другите услови и фактори значајни за пополнувањето и развојот на вооружените сили и другите

субјекти на системот на одбраната на Република Македонија, за водење на вооружена борба и сите видови на цивилна одбрана.

Покрај ова, паралелна цел на ова истражување ќе претставува анализа на актуелните миграциони процеси и тенденции во граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија. Оние процеси кои ќе имаат соодветно влијание на идните промени во демографска смисла во објективно постоечка ситуација, а кои ќе имаат и одреден одраз во пополнувањето на сите субјекти во системот на одбраната на Република Македонија во наредниот период и влијание врз одбраната на земјата.

# ХИПОТЕЗИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Општа хипотеза**

**ДЕМОГРАФСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ГРАНИЧНИОТ ПОЈАС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРЕМА СР ЈУГОСЛАВИЈА ИМААТ ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПОДГОТОВКИТЕ И ВОДЕЊЕТО НА ОДБРАМБЕНА ВОЈНА.**

## I. Посебна хипотеза

**Степенот на депопулацијата во граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија, негативно влијае врз можноста за успешно и целосно пополнување на ВС, како и водењето на вооружената борба на тој простор од Република Македонија.**

## II. Посебна хипотеза

**Степенот на депопулацијата на граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија, негативно влијае врз можноста за целосно и успешно организирање и подготвување на другите субјекти во системот на одбраната на Република Македонија за извршување на невооруженото спротивставување.**

## III. Посебна хипотеза

**Миграционите движења село-град на работоспособното население од граничниот појас према СР Југославија, имаат негативно влијание врз развојот и пополнувањето на работните групи и дислоцираните погони кои работат за потребите на одбраната.**

## IV. Посебна хипотеза

**Старосната структура на населението во граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија, негативно се одразува врз севкупните одбрамбено заштитни подготовки на тој простор.**

## V. Посебна хипотеза

**Степенот на популацијата на населението во западниот дел на граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија, може позитивно да влијае врз пополнувањето на ВС и другите структури на системот на одбраната, како и во водењето на вооружената борба и другите облици на борба и отпор на тој дел од граничниот појас.**

# МЕТОД НА РАБОТА

## 1. Методи и техники на истражувањето

Методолошката рамка на истражувањето ја сочинуваат основните и посебните методи на научното сознание и тоа:

### 1.1 Основни методи

**1.1.1.** Анализа на содржината (документацијата) и статистичките податоци за пописот на населението од граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија од 1961, 1971 и 1981 година. Со оглед на тоа што статистичките податоци за населените места од пописот од 1994 година, сé уште званично не се објавени и верифицирани од Републичкиот Завод за статистика, останува за во наредниот период, кога истите ќе бидат званично објавени, да се анализираат, обработат и донесат соодветни заклучоци за движењето на населението во граничниот појас и за последниот пописен период од 1994 година, а истражувањето опфатено во овој труд, ќе претставува мошне добра основа за натамошни постудиозни научни истражувања и осознавања, а од друга страна и целосно заокружување на содржината на овој труд.

**1.1.2.** Дескриптивна метода, опишување на фактичката состојба на утврдените карактеристики за секое населено место одделно, во тој граничен појас.

**1.1.3.** Математичко статистичка метода, обработка на статистичките податоци.

### 1.2. Посебни методи

**1.2.1.** Компаративна метода, ќе се применува во сите случаи кога ќе треба да се споредуваат повеќе податоци со цел да се добијат релативни индикатори за демографските состојби во тој граничен регион.

## 2. Техники за обработка на податоците

За подобра прегледност на податоците ќе се изврши средување на истите, нивното табеларно презентирање, индексно прикажување на движењето на населението според пописните години процентуално изразени.

Со примена на аритметичкиот метод ќе се изврши процена и прогноза на населението со примена на формулата:

$$X = \frac{Z_x}{N}$$

Покрај тоа, податоците ќе се обработуваат и со постотна (%) математичка пресметка, со примена на релативни броеви.

Показател на структура по формула:

$$Р.Б.\% = \frac{дел}{целина} \times 100$$

И релативни броеви по кординација, по формулата :

$$Р.Б\% \frac{број\ кој\ се\ споредува}{број\ како\ основа\ за\ споредба}$$

Ќе се изнајде и дефинира моделот за проектирање на движењето на населението во граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија, и ќе се направи графички приказ на добиените резултати.

## 3. Примерок на варијабли

### 3.1. Независна варијабла

Демографските карактеристики на населението, во граничниот појас на Република Македонија према СР југославија: се разгледува географската разместеност на населението во тој граничен појас, населението, половата и старосната структура, наталитетот, морталитетот и природниот прираст и миграционите движења.

### 3.2. Зависна варијабла

Одбраната и заштитата отсекогаш преставувале основна и една од највиталните функции што ги решавала државата, бидејќи надворешната и внатрешната стабилност биле предуслов за развивање на сестран општествен и стопански развој, зголемување на благосостојбата на државата и задоволување на потребите на граѓаните кои се јавувале како основна цел на развојот.

Одбраната на земјата, подразбира, најоптимално и максимално ангажирање на сите човечки, морални и материјални сили на државата за водење на вооружена борба и давање отпор на агресорот.

## 4. Примерок на истражувањето

Истражувањето ќе се врши во граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија во појас од :

1. 0 до 5 км.
2. 6 до 10 км.
3. 0 до 10 км.

# НАУЧНА И ОПШТЕСТВЕНА ОПРАВДАНОСТ

Научното значење на проблемот произлегува од потребата, да се проблемизира еден дел од општествената стварност, досега неистражена и со научен прпод да се утврдат вистинските демографски карактеристики на граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија, како и нивното влијание врз севкупното одбрамбено-заштитно организирање.

Фактот дека добиените резултати ќе имаат применлив карактер ја условува и општествената оправданост на истражувањето и истото треба да даде допринос кон градењето и креиеањето на одбрамбената политика.

# ПРВ ДЕЛ

# I. ВОЕНО ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА Р. МАКЕДОНИЈА И ГРАНИЧНИОТ ПОЈАС НА РЕПУБЛИКАТА ПРЕМА ГРАНИЦАТА СО СР ЈУГОСЛАВИЈА

## I.1. Некои аспекти на трериторијалното разграничување меѓу Р. Македонија и СР Југославија

### За некои историско правни аспекти на територијалниот интегритет на Македонија во периодот од XIX - ти век до Втората светска војна

Во периодот на дезинтеграцијата на поранешната СФРЈ и по осамостојувањето на Р. Македонија, како суверена, самостојна и независна држава, се актуелизираа прашањата за територијалното разграничување меѓу членките на југословенската федерација, а особено меѓу Р. Македонија и Р. Србија - СР Југославија.

Во функција на барањето на аргументиран одговор на овие мошне сложени прашања тогашниот извршен совет на Собранието на СР Македонија, а подоцна и одредени институции од новосоздадената држава, оствари повеќе активности за прибирање архивски документи и друга документација и тоа во: Архивот на Македонија, архивите на град Скопје и Куманово, фондот на тогашниот Извршен совет и на републичките органи и организации, Архивот на Југославија, Архивот на Србија и др. Покрај тоа, за дополнување на овие сознанија користени се и други извори, како научни и публицистички трудови, кажувања на живи сведоци и сл.

За поуспешно и посеопфатно согледување на прашањата сврзани со територијалниот интегритет на републиката, може до придонесе и кратката ретроспектива на некои историско - правни аспекти.

Прв меѓународен правен акт, кој индиректно се однесува за Македонија како област на Турската империја е Парискиот договор од 30.03. 1856 година, склучен меѓу Франција, Австрија, Англија, Прусија, Русија, Сардинија и Турција, со кој овие земји се задолжија да ја почитуваат независноста и територијалната целост на Отоманската империја. Поради тешката економска состојба што ја зафати империјата, дојде до сериозно разнишување на темелите на империјата и до појава на голем број национално - ослободителни

движења и востанија, меѓу кои и Разловечкото востание во Македонија, 1876 година и Кресненското востание, 1878 непосредно по Берлинскиот конгрес.

Заради разграничување на интересните сфери на Балканскиот полуостров, се одржале повеќе средби меѓу големите сили за поделба на Балканот на интересни сфери и за разграничување на Македонија од Бугарија (Тајниот анекс на Будимпештанската конвенција во текот на 1877 година).

По поразот на Турција од Русија на 31.01.1878 година, во Сан Стефано, дојде до нов договор кој го диктираше Русија. Во членот 6 од договорот беше регулирано, создавање на " Голема Бугарија ", чиј територијален опсег се простираше врз териториите на Северна и Јужна Бугарија, потоа цела Македонија (без Солун), вклучувајќи и некои српски и албански територии, а на југ, по Егејскиот брег од Орфана до Кавала.

По откажувањето на Русија од клаузулите на Сан Стефанскиот договор и ревидирање на истиот, беа решени сите дилеми околу иднината на Бугарија и Македонија и се создадоа можности за свикување на Берлинскиот конгрес од 13.06. до 13.07. 1878 година.

На конгресот, целосно беа ревидирани одредбите на Санстефанскиот договор за создавање голема Бугарија. Со договорот беа создадени две автономни државички - Кнежевство Бугарија (меѓу реката Дунав и планината Балкан) и источна Румелија. Црна Гора, Србија и Романија како полунезависни држави добија целосна независност со територијално проширување, а Македонија доби само делумна автономија, предвидена во член 23 во Берлинскиот договор.

Што се однесува до статусот на Македонија во сите склучени договори и меѓународни правни акти од втората половина на 50 - тите години од XIX век до Берлинскиот конгрес, карактеристично е што во сите нив таа редовно се прикажуваше односно прикриваше со воопштени зборови "Европска Турција", "Румелија" или "Бугарија", а само од време на време како "Западна Румелија" или со сопствено име Македонија.

Од 1871 - 1912 година, македонското прашање беше регулирано во повеќе меѓународни акти и договори од кои :

- Австро - Унгарско - Руско - Германските договори од 1881 година, со кој Бугарија се обединува со Источна Румелија, и не и се дозволува никаква интервенција во Македонија.

- Средоземноморската спогодба (Италија, В. Британија и Австро - Унгарија), 1887 година за статус - кво на Балканот, се гарантира територијален интегритет на Отоманска империја.

- Српско - Бугарските договори, 1897 и 1904 година за непречено ширење на пропагандни акции на територијата на Македонија.

- Австро - Унгарско - Руска, размена на ноти од 1897 година и договор, 1904 година одржување на статус - кво на Балканот, а во услови од неможноста на негово одржување, Албанија да биде создадена како независна држава, а останатиот дел од Европска Турција (Македонија и Тракија) да биде поделена помеѓу балканските држави.

По поразот на Турското царство од Италија во 1911 година, дојде до договорот меѓу Бугарското царство и Кралството Србија во 1912 година, за поделба на Македонија на зони на влијание.

Истовремено се случија меѓусебни договори меѓу Бугарија и Грција со што беше создаден Балканскиот сојуз.

Желбата, "Македонија", доведе до **I** Балканска војна, која со мировниот договор во Лондон на 17.04.1913 година доведе до поделба на Македонија.

Меѓусебните недоразбирања меѓу сојузниците околу граничните линии доведе до **II** Балканска војна. Со поразот, Бугарија го прифати Букурештанскиот мировен договор, 10.08.1913 година и со тој договор, Македонија конечно беше поделена меѓу Грција, Бугарија и Србија.

**Македонија оттогаш престана да постои како единствена етничка и географска целост.**

На тој начин беа воспоставени и меѓудржавните граници низ територијата на Македонија.

Делот од Македонија, што стана составен дел на Кралството Србија, според законските одредби беше третиран во 1908 година за воен дел. *)

Со пописот од 1921 година, Вардарска Македонија беше поделена на околии, окрузи и градски општини кои изнесуваа 45, а меѓу нив биле и **Прешевска и Качаничка околија**. Имено, Кумановскиот округ бил поделен на четири избирачки одбори кои ги опфаќале четирите околии: Кумановска (Жеглиовска), Кратовска, Кривопаланечка и **Прешевска**. Во Кривопаланечката околија била вклучена и **Трговишка** општина.

Скопскиот округ бил поделен на три главни избирачки одбори со седиште во Скопска, Велешка и **Качаничка** околија.

Со Уредбата од 1922 година, Вардарска Македонија, тогаш наречена Јужна Србија, била поделена на три области: Скопска со 375.611 жители, Битолска со 366.653 жители и Брегалничка со 409.416 жители. Во Битолската област влегуваа 40 околии, во Брегалничката 60 околии и Скопската со 11 околии, во која влегувале и **Качаничката** (Качаник) и **Прешевската** (Прешево).

---

*) Архив Србије, фонд министарства унутрашњих дела, политичко одељење, Ф 22 П 1, 1913 год.

Во врска со ваквата територијална поделба на Вардарската бановина, интересно е да се наведе и делот од книгата "Македонија како природна и економска целина", што ја изготви македонскиот научен институт во Софија[*)] во 1944 година, а која ја издаде Институтот за национална историја во 1978 година.

Во книгата се утврдува, дека, Македонија во своите географски граници опфаќа површина од 67.741 $km^2$. Источната граница на Македонија спроти Тракија започнува од устието на реката **Места**, ја пресечува нејзината делта и по реката нагоре стигнува до длабоката клисура на Места. Одовде границата продолжува по источната вододелница на таа река, т.е. до најзападните делови на **Родопите**.

**Северната граница** оди по источните и југозападните делови на **Рила Планина**, ја пресечува **Струма** над **Горна Џумаја и** по вододелниот срт на **Осоговската планина и** ниските планини што се простираат на запад, до ниската вододелница меѓу Вардар и Морава кај **Прешево** - оттаму границата продолжува по вододелните ридишта на **Скопска Црна Гора**, ја пресечува реката Лепенец кај **Качаник** и се искачува по вододелницата на Шар Планина.

Одовде западната граница оди преку **Кораб Планина** до реката **Црн Дрим** кај Дебар, оттаму по вододелницата на **Јабланица** и **Мокра** и по вододелницата меѓу големите македонски езера Охридско и Преспанско, од една страна и **Корчанската котлина** од друга. Одовде границата се движи по **Грамос и Пинд**. Натаму Јужната граница оди по јужната вододелница на Поречјето на реката Бистрица и во источната насока стигнува до Солунскиот залив (страна 5 од оригиналното издание).

---

[*)] Овој институт дејствувал во т.н. Димитровски период на Бугарија.

## I.2 Територијалното разграничување меѓу републиките од II заседание на АВНОЈ и I заседание на АСНОМ до донесување на Уставот во 1946 година

По одржувањето на I заседание на АСНОМ до донесувањето на уставот на СФРЈ од 1946 година, Презедиумот на АСНОМ, како највисоко законодавно и извршно тело меѓу заседанијата, со своите одлуки извршил неколку административно - територијални поделби на Федерална Македонија и тоа: одлуките на Президиумот на АСНОМ на седницата одржана на 6.8.1944 година; на 28.10.1944 година на која донел: "Решение за организирање и работа на народноослободителните одбори во федералната македонска држава", во чиј член 1 се нагласува дека: "Конечната управна поделба на Македонија на области, околии, градски и селски НОО ја врши АСНОМ со закон", на седницата на 21.10.1944 година; Повелба за привремена административно - територијална поделба на Македонија на президиумот на АСНОМ од 22.01.1945 година; Закон за територијална поделба на Федеративна Македонија на окрузи (Службен весник на ФНМ бр 17/45 од 30.08.1945 година). Овие поделби се задржувале на покрупните територијални единици (окрузи, околии), без наведување на општинските, градските и селските НОО. Другите извештаи, проекти и решенија ги надополнуваат непрецизностите во однос на определувањето на административно - територијалните единици, а со тоа и на територијата на Република Македонија.

Од нив може да се заклучи дека градовите **Качаник, Прешево, Бујановац и Трговиште од август 1944 година до ноември 1945 година представувале македонски административни центри**, управувани од Президиумот на АСНОМ и према тоа биле во состав на територијалниот интегритет на Федерална Македонија. Граничната линија меѓу двете републики, освен што се протегала покрај споменатите градови, достигала на север до градот Ристовац.

Карактеристично во оваа смисла е и извештајот на I обласен НОО Скопје бр. 318 од 28.12.1944 година упатен до Президиумот на АСНОМ. На почетокот од извештајот стои дека "Скопската област се состои од следниве околии: Скопска, Велешка, Свети Николска, Кр. Паланечка, Кумановска, **Прешевска, Качаничка** и Гостиварска.

Министерскиот совет на Федерална Македонија на своето заседание на 21.11.1945 година ја донесе Уредбата за определување на бројот на територијалните подрачја и седишта на околиите и месните народни одбори (Службен весник на ДФМ бр. 24/45) со која прецизно се определуваат окрузите, околиите и нивните седишта и

месните НОО. Со оваа уредба за прв пат не се опфатени **Прешево, Качаник, Бујановац, Трговиште и** сл. со кои дотогаш административно управувале повереенствата на Президиумот на АСНОМ. Ваквата поделба е потврдена и со Законот за административно - територијална поделба на НР Македонија (Службен весник на НРМ бр. 2/47).

Во меѓувреме Председателството на Народното Собрание на Србија го донесува законот за воспоставување и устројување на Автономната Косовско - Метохиска област (Службен гласник на НР Србија бр. 28/45) со кој во состав на областа е приклучена и Качаничката околија.

Со Законот за административно - територијалната поделба на НР Србија (Службен весник бр. 17/47), исто така, местата Генерал Јанковиќ, Качаник, Прешево, манастирот " Св. Отец Прохор Пчински " и други се третираат како територија на Република Србија.

Ваквите одлуки особено ако се има предвид барањето на владата на НРМ до владата на ФНРЈ (писмо бр. 8355 од 12.09.1946 година) за решавање на определени територијални прашања со СР Србија, не се во согласност со член 12 од Уставот на ФНРЈ од 1946 година (Службен лист на ФНРЈ бр. 10/46) **кој го воспоставува принципот, разграничувањата на териториите на Народните републики да ги врши Народна Скупштина на ФНРЈ, како и принципот границите на Народните Републики да не можат да се менуваат без нејзина согласност.**

## I.3. Територијалното разграничување по донесувањето на уставот од 1946 и уставите на Народните Републики

По донесувањето на Уставот на ФНРЈ (Службен лист на ФНРЈ бр. 10/46) во 1946 година не е донесен закон или друг правен акт со кој би се прецизирале прашањата околу територијалното разграничување меѓу републиките. Меѓутоа Владата на ФНРЈ согласно со член 12 од Уставот, презела повеќе иницијативи за уредување на територијални прашања меѓу народните републики, со кои ги замолува да доставаат предлози за евентуални измени во територијално разграничување.

Во рамките на приложената документација, се укажува на неколку територијални спорови меѓу НР Македонија и НР Србија во периодот од 1946 до 1953 година кои се однесувале на: месноста Генерал Јанковиќ со 11 села и фабриката "ШАР", манастирот "Св.

Отец Прохор Пчински", селата Герман, Огут, Нерав и Метежево Кривопаланечката околија и селото Мгленце во Кумановска околија, меѓу Скопска околија и Срез Неродимски НР Србија и др.

Постоењето на овие спорови, како и анализата на расположивата документација укажува на фактот дека не постојат материјални докази од кои би можело да се коментира дека е извршено дефинитивно територијално разграничување меѓу СР Македонија и СР Србија во смисла на член 12 од Уставот на ФНРЈ.

Во 1948 година имало уште еден територијален спор помеѓу двете републики, околу сопственоста на **8000 хектари државни шуми и пасишта на Шар Планина**, кои биле во составот на Косовско - Метохиската област и кои наводно неовластено се искористуваат од страна на НР Македонија. Спорната површина, била сопственост на селото Шпировице које припаѓало на Галичката околија и за време на Турската империја овие пасишта исклучиво биле користени од Галичката, Гостиварската, Дебарската и Крушевската околија.

И овој спор, не бил решаван во смисла на важечките уставни и законски одредби, односно за него не решавале собранијата на двете републики, ниту пак Собранието на ФНРЈ.

Во наредните 44 години од страна на Републиката, оваа или друга иницијатива за дефинитивно утврдување на границите не била обновувана. Согласно со уставниот континуитет во смисла на член 12 од Уставот на ФНРЈ (Службен лист на ФНРЈ бр. 10/46) и член 5 од уставот на СФРЈ од 1974 година, во кој исто така се прокламира принципот, територијата на републиката да не може да се менува без нејзина согласност, би можело да се смета дека прашањето не е уставно - правно окончано во рамките на институциите на системот и надлежните тела, и дека спорните територии биле дел на Федералната Македонија а со еднострана одлука на Федерална Србија биле припоени кон НР Србија.

Во контекстот на ова прашање значајно е да се спомне и за статусот на манастирот "Св. Отец Прохор Пчински" чија местоположба може да послужи за расветлувањето на спорните територијални прашања во врска со граничната линија помеѓу двете републики.

Манастирот "Св Отец Прохор Пчински", има долга и богата историја. Така поаѓајќи од Самуиловото Царство 1018 година, под власта на Императорот Василиј II, Охридската Архиепископија останала да дејствува во рамките на Византиското Царство, заштитена правно и канонски од посегањата на Цариградската Патријашија. Императорот Василиј II донел "3" повелби - грамоти со кои ја гарантирал слободата на дваесет епархии во Охридската Архиепископија.

Црковниот историјат на Манастирот, како што се види, датира уште од втората половина на XI век, кога бил изграден од

византискиот цар Роман IV Диоген (1067 - 71) на реката Пчиња. Царот Роман IV Диоген, према преданието, го изградил Манастирот како вечна благодарност према Светителот Прохор, кој му ја предвидел судбината и му предскажал дека ќе застане на возвишениот царски престол. Прохор Пчински заедно со Гаврил Лесноски, Јоаким Осоговски и Иван Рилски, бил Македонски Светец, а нивните Манастири се градени на македонска територија, **факт** што се докажува и со нивната припадност кон Охридската Архиепископија, во која Манастирот духовно живеел и ја ширел верата.

Според научни тврдења Манастирот се наоѓал во Скопската епархија, а некои сметаат дека се наоѓа во Морозднвиската епархија, меѓутоа според многуте научници и двете епархии се наоѓале во северниот дел на Македонија. Манастирската судбина ја следи и историската судбина на Охридската Архиепископија, која била изложена на голем број поробувачи кои се менувале во зависност од тоа кој ја покорувал и кој владеел со Македонија.

Меѓутоа, големо е значењето на Манастирот за поновата историја на македонскиот народ. Општо познато е дека на 02-08-1944 година во истиот беше одржано Првото заседание на АСНОМ. Во тој период тој со целиот Козјачки масив претставуваше македонска територија.

За расветлувањето на прашањата врзани за територијалното разграничување помеѓу Република Македонија и СР Југославија, поточно Р Србија, можат да придонесат и следниве факти :

**1.** Членовите на Иницијативниот одбор за свикување на I Заседание на АСНОМ, поаѓајќи од значењето на воспоставувањето на државотворноста на македонскиот народ, во изборот на местото на неговото одржување **пред се го имале предвид фактот дека Манастирот се наоѓа на македонска територија**, како и воено - стратешките услови во тоа време.

**2.** Како што е веќе спомнато, по ослободувањето и до крајот на 1945 година, градовите Качаник, Прешево, Бујановац и Трговиште административно беа управувани од Президиумот на АСНОМ. На новите околии, а и пошироко, се наоѓал дел од големиот земјишен имот и објекти на манастирот "Св. Отец Прохор Пчински".

Манастирскиот имот и објектите што ги имал во негова сопственост према тоа се простирал од Скопје, Куманово до Бујановац и Прешево.

Со донесувањето на законските прописи од 1945 година со кои се регулира територијалната поделба внатре во секоја република, Манастирот ќе се најде на територија на НР Србија. Практично ја дели судбината на веќе споменатите околии.

**3.** Како резултат на ова, манастирот "Св. Отец Прохор Пчински" паѓа под удар на **Законот за аграрна реформа и внатрешна колонизација** на СР Србија (Службен гласник НР Србија бр. 39/45).

Толкувањето на овој закон е во тоа да на чија територија се наоѓа најголемиот дел од поседот на таа територија и да и припадне, за што одлука донесува надлежниот Министер на онаа Народна Република на чија територија се наоѓа најголемиот дел од поседот, што е и направено од страна на НР Србија.

Меѓутоа, ако се знае дека со административно - територијална поделба на СР Македонија и припаѓале Качаник, Прешево, Бујановац и Трговиште тогаш таквата одлука била донесена од неовластен орган и се применувала на туѓа републичка територија.

Значајно е да се истакне и преписката помеѓу Сојузната влада и македонската влада, со актите бр. 1881 од 06-08-1946 година од Владата на ФНРЈ и одговорот од Владата на НР Македонија бр. 8355 од 12-09-1946 година со кои се бараат промените на границите на Р Македонија према Космет и НР Србија. Во одговорот, во точка два македонската влада бара манастирот Прохор Пчински (само како Манастир) да се одвои од НР Србија (Прешевски срез) и да се припои кон НР Македонија (Козјачки срез).

Ваквите предлози останале само на ниво на преписки, без конкретен чекор за конечно решавање на територијалната и воедно историската припадност на Манастирот.

**4.** Сопственоста на Манастирот може да се согледа и низ анализата на катастарските општини на овој крај. Така, границите на катастарските општини на селата Старец и Пелинце, во кое се наоѓа најголемијот земјишен имот и кои представуваат и дел од граничната линија помеѓу Република Македонија и Р. Србија, се формирани во периодот од 1935 - 1940 година.

Манастирот, према тоа, територијално припаѓа во атарот на општина Старец **кој е оддалечен од границите со КО Пелинце - северно 2400 метри.** Разграничувањето меѓу двете села е извршено во 1940 година, но I I Светска војна го спречило изработувањето на катастарскиот операт.

Сегашната гранична линија помеѓу Република Македонија и Република Србија према тоа се движи согласно со утврдените катастарски општини во 1940 година.

Меѓутоа, законот за обласна самоуправа од 1927 година со кој Вардарска Бановина (Јужна Србија) била поделена во три области: Скопска, Битолска и Брегалничка, а Битолска на 40 околии, меѓу кои и Прешевска (Прешево) и Жиглиовска (Куманово), укажува на поинакво движење на границите на оваа Бановина, во рамките на кои, може да се претпостави дека припаѓало и селото Старец.

**5.** За расветлување на ова прашање можат да придонесат и бројно **научни трудови и публицистики**.

До 1975 година во дел од научни публицистики, во енциклопедии и слично во Република Србија, манастирот се третира на македонска територија.

**6.** Во областа на картографијата има исто така бројни укажувања на припадноста на Манастирот. Картата на К'нчов од 1900-тата година во Софија, на Димитрија Чуповски од 1913 година издадена во Петроград, географско - етнографската карта на Ј. Аранов, издадена во Софија 1933 година, карта на генерал Михајло Апостолски за воените операции во 1944 година, "Атлас Федеративне Народне Републике Југославије" во 1948 година и други во кои Манастирот се наоѓа на македонска територија. Според тоа неоспорно е дека и манастирот (Св. Отец Прохор Пчински) се наоѓал на Македонска територија и дека со еднострана одлука е припоен кон Република Србија.

Со оглед на комплексноста на прашањата за територијално разграничување, презентираните сознанија, нужно е и натаму да бидат дообработувани со нови сознанија и документи, со што ќе се овозможи расветлување на сите прашања од значење на територијалниот интегритет на Републиката.

Утврдувањето на границата према СР Југославија, ќе биде мошне сложена, деликатна и долготрајна задача на нашата држава во актуелниот, но и во наредниот период. Во спротивно граничните проблеми можат да бидат генератори на нови опасности и гранични инциденти, а со тоа и отварање на нови кризни жаришта.

## I.4. Границата на Република Македонија

Република Македонија, е сместена во централниот дел на Балканскиот Полуостров и се протега помеѓу 40° 50' и 42° 20'15" северна географска ширина и 20° 27'30" и 23° 05" (односно според друга литература 23° 02'23") источна географска должина.

Поради својата приближно кружна форма на обликот таа има голема контактибилност со соседните држави, односно таа се граничи со четири држави (Албанија, Бугарија, Грција и Сојузна Република Југославија) што и дава широка можност за географско контактирање и посредно спојување. Врз добрата географска положба влијаат и големиот број комуникациски правци низ кои водат важни регионални и меѓународни комуникации.

Според местоположбата на Република Македонија, може да се констатира дека таа има добра географска положба во однос на соседите.

Вкупната површина на Република Македонија изнесува 25.713 км$^2$ со 849 км. државна граница (Со СР Југославија 231 км. со Бугарија 165 км., со Грција 262 км. и со Албанија 191 км.).

### I.4.1. Граница на Република Македонија према Сојузна Република Југославија

Границата на Република Македонија према СР Југославија има напореден правец на протегање.

Долга е околу 231 км. Од запад према исток, границата започнува од тригонометриската точка 2.092 м. на Албанската граница, на 14 км. јужно од 42-от напоредник.

Уште од почетокот, граничната линија прави едно вдлабнување и едно помало испупчување, минува низ изворишниот дел на реката Радика, се качува на Шар Планина држејќи го правецот југозапад-североисток, се до врвот Љуботен (2498 м.). Од врвот Љуботен, границата свртува према југоисток, минува кај селото Јажинце, излегува на реката Лепенец, го сече водотекот и кај Генерал Јанковиќ повторно свртува кон североисток минувајќи ги највисоките делови на Скопска Црна Гора.

Од источните огранци на Скопска Црна Гора границата се спушта во Моравско Вардарската долина (420м.) кај местото Табановце. На овој дел ширината на моравско - вардарската долина

изнесува 10 - 12 км. Од оваа долина, границата продолжува кон североисток по височините на Козјак, јужно од манастирот Прохор Пчински, ја сече реката Пчиња, преку северните планини на Широка Планина допира до Голем Врв (1832 м.), да заврши према југоисток за да излезе на Бугарската граница кај местото Коприва.

На границата према СР Југославија можат да се издвојат два гранични одсека. Од Албанската граница па сé до реката Лепенец се наоѓа Шарпланинскиот одсек кој се одликува со голема топографска јачина, бидејќи границата поминува по високото планинско било на Шар Планина чии што планински врвови имаат голема висина од 2500 м. Должината на овој граничен отсек изнесува околу 85 км.

Вториот граничен отсек се наоѓа помеѓу должината на реката Лепенец и моравско - вардарска долина. Него го прави планината Скопска Црна Гора со должина од околу 35 км. За разлика од првиот, овој одсек е со помала висина (1492 м.) и топографски е послаб.

**Природни отвори.** На границата према СР Југославија постојат два извонредно важни природни отвори.

Природниот отвор по должината на реката Лепенец ги поврзува Косовската котлина со Скопската котлина односно долината на реката Вардар. На пресекот помеѓу граничната линија и реката Лепенец, долината е тесна, без алувијална рамнина, со мошне стрмни страни. Надвор од сообраќајниците теренот е непрооден. Најголемиот и најважниот природен отвор помеѓу Македонија и СР Југославија е Моравско - вардарска долина со ширина од 10 - 12 км. и околу 400м. надморска височина.

Освен природните отвори доста важни објекти на границата претставуваат и природните превлаки. Тоа се најниските точки на планинските ртови. На Шарпланинскиот дел се наоѓаат следните превлаки: Кафа Кадис (1860м.), Враца (2350м.), Трпезница (2363м.), Клеч (2275м.), Маја (2254м.), Кара Никола (2066м.), Кобилица (2174м.) и Пири Бег (2413м.). Преку сите овие превлаки поминуваат коњски патеки.

Со оглед на релативно помалата висина на Скопска Црна Гора и поинаквите рељефни карактеристики, овде нема карактеристични превлаци како што е тоа случај со првиот планински отсек. Преку ридско - планинските терени на Скопска Црна Гора поминуваат осум коњски или колски патеки кои воглавно поврзуваат селски населби.

Помеѓу територијата на Република Македонија и територијата на СР Југославија постојат многу поволни сообраќајни врски. Преку природниот отвор на Моравско - вардарска долина минува една од најважните балкански сообраќајници која поврзува многу земји од Средна и Северна Европа од една страна и исто така многу земји од Јужна и Југоисточна Европа. Овој сообраќаен сноп

(електрифицирана железничка пруга и автопат) се одликува со многу голем капацитет.

По должината на реката Лепенец, исто така, поминуваат две многу важни сообраќајници: железничка пруга од Република Македонија кон Косово, и еден крај од автопатот Гевгелија-Белград. Оваа сообраќајница го поврзува централниот дел од Балканот со брегот на Јадранското Море. Во Качаничката клисура поради карактерот на релјефот се наоѓаат повеќе куси тунели и мостови, што не е случај со сообраќајниците Скопје - Белград.

Преку граничната линија помеѓу СР Југославија односно покраината Косово поминува и автомобилски пат кој ги поврзува Косово и западниот дел на Македонија односно Полог. Граничен премин на оваа сообраќајница е местото Јажинце. На територијата на Македонија приближно паралелна сообраќајница е Крива Паланка - Куманово - Скопје - Тетово - Гостивар - Дебар - Албанска граница.

Значајно е да се потенцира, дека, граничниот појас по должината на граничната линија со соседната СР Југославија е топографски доста јак, бидејќи најголемиот дел од истиот се наоѓа на високи и средни планини, а сосема мал дел поминува низ рамнина.

Граничниот појас во поголем дел е тешко прооден и слабо комуникативен, добро е заштитен со релјефот и нуди големи можности за добро организирање на одбраната, од самиот почеток на агресијата и од самата граница.

Евентуална агресија од север врз Република Македонија, можно е да се реализира преку следниве два оперативни нападни правци:

**- Моравско - Вардарски**
**- Косовско - Полошки**

**Моравско - Вардарскиот** оперативен нападен правец со оглед на релјефната структура и комуникативноста на теренот тежишно ќе се реализира преку Прешевско - Кумановската врата и понатаму кон Скопје, а како помошни правци се јавуваат патниот правец Трговиште - Крива Паланка и Прохор Пчински - Куманово - Штип.

**Косовско - Полошкиот** оперативен правец можно е да се реализира преку долината на реката Лепенец и патниот правец Урошевац - Тетово преку с. Вратница, а како помошен правец можно е да се користи правецот Призрен - Рестелица - Маврово со алтернатива кон Дебар.

Како поважни ридско - планински целини формирани помеѓу споменатите оперативно - тактички правци во релјефна структура можат да се издвојат сведниве ридско - планински целини:

**1. Козјачки ридско плански комплекс** претставен со планините Козјак и Герман кој на запад се граничи со Скопска Црна Гора, на север со падините на падината Дукат, на исток со Бугарија и на југ со Осоговските Планини.

**2.** Дел од **Западен ридско - плански комплекс** кој се простира во Западна Македонија во подрачјата на Шар Планина на север и границата со Косово, према југ, на планинските подрачја на Кораб, Дешат и Јабланица према Охридско Езеро.

Содржината на овој труд се однесува на идентификација и анализа на демогеографските фактори, во граничниот појас на Р. Македонија, према границата со СР Југославија, кој се протега до 10 км. воздушно растојание од граничната линија.

Притоа извршено е групирање на населбите во појасот до 5 км., и во појасот од 6 до 10 км.

Граничниот појас од 10 км. е простор од посебен интерес и предмет на особена општествена грижа, за што е потребно, државата максимално да се ангажира во развивање на граничните појаси, зашто само развиен економски појас, населен со луѓе, може да стане фактор за успешно организирање и функционирање на одбранбено заштитниот систем.

Третман на погранични подрачја во граничниот појас од 0-10 км., имаат 126 населби и тоа:

**А.** Граничен појас од 0 - 5 км. - 53 населени места ;

**Б.** Граничен појас од 6 - 10 км. - 73 населени места .

Овие подрачја опфаќаат површина од 173.880 ха.

Демографските податоци на вкупното население во населените места, во појасите од 0 - 5 км. и 6 - 10 км., се прикажани во **Прилог број 1**.

# ВТОР ДЕЛ

# II. ПОПУЛАЦИСКО - ДЕМОГРАФСКИ РАЗВОЈ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО Р. МАКЕДОНИЈА И ВО ГРАНИЧНИОТ ПОЈАС НА Р. МАКЕДОНИЈА ПРЕМА СР ЈУГОСЛАВИЈА

## II.1. Развојот на вкупното население на Р. Македонија во периодот пред и по Втората Светска Војна

Бројот на населението на Р. Македонија во периодот од 1921 година до 1994 година, е во постојан и интензивен пораст и истиот може да се види од изнесените статистички податоци.

**Табела бр. 1**

| Пописна година | Вкупно население | Индекс 1994=100 |
|---|---|---|
| 1921 | 808724 | 240,6 |
| 1931 | 949958 | 204,8 |
| 1948 | 1152986 | 168,8 |
| 1953 | 1304514 | 149,1 |
| 1961 | 1406003 | 138,4 |
| 1971 | 1647308 | 118,1 |
| 1981 | 1909136 | 101,9 |
| 1991 | 2033964 [1] | 95,7 |
| 1994 | 1945932 | 100,0 |

* Извор : Статистички годишник 1995 година.
[1] Попишано и проценето население

Врз основа на напред наведените статистички показатели, може да се констатира дека во периодот од 1921 - 1994 година, те. во периодот од 73 години, населението на Република Македонија се зголемило скоро дваипол пати (240,6%), а тој индикатор покажува дека територијата на Република Македонија е подрачје со мошне интензивен развој на населението.

И покрај тоа што вкупниот пораст на населението се одвивал мошне брзо и интензивно, сепак треба да се истакне дека таквиот развој на населението, меѓу пописните периоди се движел со различна динамика. Од 1921 година до пописот во 1948 година т.е.

првиот попис по Втората светска војна, порастот на населението се движел со 1,6% годишна стапка, во меѓуписниот период 1948 - 1953 година, просечната стапка изнесувала 2,6%, во периодот 1953 - 1961 истата изнесувала 0,1%, потоа во периодот од 1961 - 1971 година, годишната стапка изнесува 1,7%, исто така и во периодот од 1971 - 1981 година годишната стапка се движи од 1,6%, а во пописниот период од 1981 - 1991, годишната стапка на прираст изнесува 0,6%, додека во меѓупописниот период 1991 - 1994 г. се бележи негативен тренд на движење на населението, со просечна годишна стапка на намалување од 1,4%.

Најголем прираст на населението е забележан во меѓупописниот период од 1948 - 1953 година, кога населението се зголемило за 151.528 жители, или просечно годишно се зголемувало за 30.305 лица, од друга страна, најмал пораст на населението е регистриран во периодот 1981 - 1991 година, во кој, населението се зголемило за 124.828 лица или 12.483 лица годишно, а во меѓупописниот период од 1991 - 1994 г., населението се намалило за 88032 лица или за 29334 лица годишно.

**Број на жители во Република Македонија според пописите**



## II.2. Општи трендови во развојот на вкупното население во граничниот појас на Р. Македонија

Вкупниот број на населението во граничниот појас на Р. Македонија, во периодот од 1961 до 1981 година, бележи незнатно зголемување, што може да се види од податоците истакнати во табела бр. 2.

Од овие податоци јасно може да се констатира дека, вкупното население во граничниот појас на Република Македонија, во периодот од 1961 до 1981 година е во постојано сосема мал пораст. Така што за вкупниот тој период истото се зголемило за 3,1%, односно 7058 лица и тоа зголемување се движело со просечна годишна стапка од 0,16% или 353 жители.

Анализирајќи го движењето на населението во меѓупописните периоди, интересно е да се истакне дека истото имало различна динамика на движење, поточно во периодот од 1961 до 1971 година се забележува поголем пораст на населението во споредба со периодот од 1971 до 1981 година.

Тоа значи дека, во периодот од 1961 до 1971 година населението се зголемило за 5580 лица или 2,6% со просечна годишна стапка на пораст од 0,26% или 558 лица, додека во периодот од 1971 до 1981 година истото се зголемило само за 1478 лица или 0,7% со просечна годишна стапка на пораст од 0,07% или 148 лица (Табела бр. 2).

**Табела бр. 2.**

**Вкупен број на население во вкупниот граничен појас на Р. Македонија**

| Попис | Вкупен број на население | Индекс 1961 - 100 |
|---|---|---|
| 1961 година | 215488 | 100 |
| 1971 година | 221068 | 102,6 |
| 1981 година | 222546 | 103,1 |

Статистички преглед :10/70;17/71;29/72 и 126/82, РЗС на СРМ
Статистички годишник на СРМ/7, РСЗ/1972

### II.2.1. Движење на вкупното население во граничниот појас на РМ према СРЈ

Што се однесува за граничниот појас на Република Македонија према Сојузна Република Југославија, може да се каже дека бројот на населението во периодот 1961 - 1981 година, бележи исто така незнатно зголемување, што може да се види од следниве пописни статистички показатели:

**Табела бр. 2.а**

**Вкупен број на население во граничниот појас према СР Југославија**

| Попис | Вкупен број на население | Индекс 1961 - 100 |
|---|---|---|
| 1961 година | 89481 | 100 |
| 1971 година | 93234 | 104,2 |
| 1981 година | 93137 | 104,1 |

Статистички преглед :10/70;17/71;29/72 и 126/82, РЗС на СРМ
Статистички годишник на СРМ/7, РСЗ/1972

Од горе наведените податоци се гледа дека вкупниот број на населението во граничниот појас на Р. Македонија према СР Југославија во периодот од 1961 година па до 1981 година исто така е во сосема мал пораст односно демографскиот елемент бележи мало позитивно салдо во текот на сите пописни години.

Ако за 1961 година се земе индексот 100, тогаш во 1971 година бројот на населението во граничниот појас е зголемен за 4,2%, во 1981 година исто така зголемувањето изнесува 4,1%, а извесно намалување се приметува во однос на пописните години од 1971 до 1981 за 0,1%.

Просечната годишна стапка во периодот од 1961 до 1971 година изнесува 0,42% односно населението просечно годишно се зголемувало за 375 лица, во периодот 1971 - 1981 година, се бележи незнатно намалување на населението за 97 лица, односно 0,01% годишно.

Анализирајќи го севкупниот период од 1961 до 1981 година може да се заклучи дека во дваесетгодишниот период е забележан

пораст на населението за околу **4,1%**, со просечна годишна стапка од **0,20%** или **183** лица годишно. (Табела 2.а)

Споредувајќи ги податоците за демографските движења на вкупното население во граничниот појас на Р. Македонија од една страна и вкупното население во граничниот појас на Р. Македонија према СР Југославија од друга страна, се доаѓа до податокот дека, во 1961 година, населението во граничниот појас према СР Југославија претставувало 41,5%, во 1971 година 42,2% и во 1981 година 41,9% од вкупното население во граничниот појас на Р. Македонија. (Табела 2 и 2а)

## Графички приказ на населението во граничниот појас на Р. Македонија




Граничен појас према СРЈ 6-10 км - (-·-·-·-)
Граничен појас према СРЈ 0-5 - (-----)

**Графички приказ на вкупното население во граничниот појас на Р. Македонија и во појасот на Р. Македонија према СР Југославија**



## Графички приказ на вкупното население во граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија

1000



**Графички приказ на населението во граничниот појас на Р. Македонија према СР Југославија**



Врз основа на податоците на пописната и виталната статистика, ќе укажеме и на движењето на населението во севкупниот граничен појас на Р. Македонија, како и во граничниот појас на Р. Македонија према СР Југославија и тоа во појасот од 0 до 5 км. и од 6 до 10 км. (табела бр. 3 и 3а и табела бр. 4 и 4а).

Во граничниот појас на Р. Македонија од 0 до 5 км., во периодот од 1961 до 1981 година се забележува блага стагнација на населението, односно намалување за 8529 жители, т.е. 9,2% што значи дека истото, просечно годишно се намалувало за 426 лица или со просечна годишна стапка од 0,5%. (Табела бр. 3)

## Табела бр. 3.

### Вкупен број на население во граничниот појас на Р. Македонија од 0 до 5 км.

| Попис | Вкупен број на население | Индекс 1961 - 100 |
|---|---|---|
| 1961 година | 92444 | 100 |
| 1971 година | 91371 | 98,8 |
| 1981 година | 83915 | 90,8 |

Статистички преглед :10/70:17/71:29/72 и 126/82, РЗС на СРМ
Статистички годишник на СРМ/7, РСЗ/1972

Најдрастично намалување во овој граничен појас на Р. Македонија е регистрирано во меѓупописниот период од 1971 до 1981 година во кој населението се намалило за 7456 лица, т.е. 8,2% и таквото намалување се движело со просечна годишна стапка од 0,8% или 745 жители годишно. Во споредба со овој меѓупописен период, во периодот од 1961 до 1971 година намалувањето е незначително и изнесува 1073 жители или 1,2% со просечна годишна стапка од 0,12% односно 107 лица.

За разлика од овој граничен појас, во граничниот појас од 6 до 10 км., населението бележи позитивен тренд на движење, така што за вкупниот период од 1961 до 1981 година е регистрирано зголемување на населението за 15587 жители со пораст од 12,7% или со просечна годишна стапка од 0,63 % односно за 780 жители годишно. И во овој граничен појас се забележува различна динамика на движење на населението меѓу пописните периоди, така што поизразен тренд на пораст на населението се забележува во меѓупописниот период од 1971 до 1981 година, во кој истото се

зголемило за 8934 жители или за 6,9% со просечна годишна стапка од 0,69% односно за 893 лица годишно. Нешто помал процент на пораст на населението е регистриран и во меѓупописниот период од 1961 до 1971 година, од 5,4 % со вкупен пораст од 6653 жители и со просечна годишна стапка од 0,54% или 665 лица годишно.

Слична состојба на движењето на населението се воочува и кај движењето на населението во граничниот појас на Р. Македонија према СР Југославија.

Врз основа на податоците од табелите може да се извлече следната констатација. Во граничниот појас према СР Југославија од 0 до 5 км. во периодот од 1961 до 1981 година, бројот на населението бележи незнатен пад за 5850 лица, односно населението просечно годишно се намалувало за 292 лица годишно, со просечна годишна стапка од 0,9%. Во периодот од 1961 до 1971 година, се бележи намалување за 3,2%, односно намалување за 1072 лица со просечна годишна стапка на намалување од 0,32% или 107 лица годишно. Во периодот од 1971 до 1981 година, населението се намалило за 4778 лица или годишно во просек се намалувало за 478 лица со просечна годишна стапка од 1,5%. (Табела бр. 3а)

## Табела бр. 3а

### Вкупен број на население во граничниот појас од на РМ према СРЈ од 0 до 5 км.

| Попис | Вкупен број на население | Индекс 1961 - 100 |
|---|---|---|
| граничен појас од 0 до 5 км. | | |
| 1961 година | 33229 | 100 |
| 1971 година | 32157 | 96,8 |
| 1981 година | 27379 | 82,4 |

Статистички преглед :10/70:17/71;29/72 и 126/82, РЗС на СРМ
Статистички годишник на СРМ/7, РСЗ/1972

За разлика од граничниот појас од 0 до 5 км. во појасот од 6 до 10 км. се забележува одредено зголемување на населението, така, ако 1961 година сеземе за индекс на година, тогаш во периодот 1961 до 1981 година, населението се зголемило за 9506 лица (16,9%).

односно годишно се зголемувало за 475 лица со просечна годишна стапка од 0,85%.

Во периодот од 1961 до 1971 година населението се зголемило за 4825 (8,5%), односно годишно се зголемувало за 482 лица со просечна годишна стапка од 0,85%. Слична состојба со порастот на населението е и во периодот од 1971 до 1981 година, кога населението се зголемило за 4681 лице (1%), со годишно зголемување од околу 486 лица и со просечна годишна стапка од 0,76% (Табела бр. 4а).

Интересен е, прегледот на разместеноста на населението по одредени просторни целини во граничниот појас на Р. Македонија према СР Југославија. Во таа смисла ќе го презентираме соодносот на бројот на населението меѓу западните и источните делови на граничниот појас на Р. Македонија према СР Југославија, што може да се види од табелите бр. 5,6,7,8 и 9.

**Табела бр. 4.**

**Вкупен број на население во граничниот појас на Р. Македонија од 6 до 10 км.**

| Попис | Вкупен број на население | Индекс 1961 - 100 |
|---|---|---|
| 1961 година | 123044 | 100 |
| 1971 година | 129697 | 105,4 |
| 1981 година | 138631 | 112,7 |

Статистички преглед :10/70;17/71;29/72 и 126/82, РЗС на СРМ
Статистички годишник на СРМ/7, РСЗ/1972

**Табела бр. 4.а**

**Вкупен број на население во граничниот појас од 6 до 10 км. на РМ према СРЈ**

| **Попис** | **Вкупен број на население** | **Индекс** 1961 - 100 |
|---|---|---|
| граничен појас од 6 до 10 км. | | |
| 1961 година | 56252 | 100 |
| 1971 година | 61077 | 108,6 |
| 1981 година | 65758 | 116,9 |

Статистички преглед :10/70;17/71;29/72 и 126/82, РЗС на СРМ
Статистички годишник на СРМ/7, РСЗ/1972

**Табела бр. 5.**

**Вкупен број на население во граничниот појас на општината Гостивар**

| **Попис** | **Вкупен број на население** | **Индекс** 1961 - 100 |
|---|---|---|
| 1961 година | 2481 | 100 |
| 1971 година | 2815 | 113,4 |
| 1981 година | 2760 | 111,2 |

Статистички преглед :10/70;17/71;29/72 и 126/82, РЗС на СРМ
Статистички годишник на СРМ/7, РСЗ/1972

**Табела бр. 6.**

## Вкупен број на население во граничниот појас на општината Тетово

| Попис | Вкупен број на население | Индекс 1961 - 100 |
|---|---|---|
| 1961 година | 26877 | 100 |
| 1971 година | 32636 | 121,4 |
| 1981 година | 37758 | 140,4 |

Статистички преглед :10/70;17/71;29/72 и 126/82, РЗС на СРМ
Статистички годишник на СРМ/7, РСЗ/1972

**Табела бр. 7.**

## Вкупен број на население во граничниот појас на општината Скопје

| Попис | Вкупен број на население | Индекс 1961 - 100 |
|---|---|---|
| 1961 година | 18036 | 100 |
| 1971 година | 18004 | 99,8 |
| 1981 година | 19419 | 107,6 |

Статистички преглед :10/70;17/71;29/72 и 126/82, РЗС на СРМ
Статистички годишник на СРМ/7, РСЗ/1972

**Табела бр. 8.**

## Вкупен број на население во граничниот појас на општината Куманово

| Попис | Вкупен број на население | Индекс 1961 - 100 |
|---|---|---|
| 1961 година | 32729 | 100 |
| 1971 година | 31490 | 96,2 |
| 1981 година | 27850 | 85,1 |

Статистички преглед :10/70;17/71;29/72 и 126/82, РЗС на СРМ
Статистички годишник на СРМ/7, РСЗ/1972

**Табела бр. 9.**

## Вкупен број на население во граничниот појас на општината Крива Паланка

| Попис | Вкупен број на население | Индекс 1961 - 100 |
|---|---|---|
| 1961 година | 9358 | 100 |
| 1971 година | 8289 | 88,6 |
| 1981 година | 5350 | 57,2 |

Статистички преглед :10/70;17/71;29/72 и 126/82, РЗС на СРМ
Статистички годишник на СРМ/7, РСЗ/1972

Според податоците изнесени во дадените табели, може да се воочи дека концентрацијата на населението е далеку поизразена во западните делови на граничниот појас, а помалку во источните делови од границата.

Анализирајќи ги податоците изложени во дадените табели, а тргнувајќи од источните гранични делови кон западните делови јасно може да се воочи таа разлика, така што ако се набљудува 1981 година може да се забележи дека во деловите кои припаѓаат на општината Гостивар, населението се зголемило за 11,2% (не е опфатен граничниот појас од 0 - 5 км. бидејќи во тој појас нема населени места), понатаму, во граничниот појас на општината Тетово, бројот на населението се зголемил во однос на 1961 за 40,4%. Движејќи се према централните и источните делови на граничниот појас се воочува благ пораст и драстично намалување на бројот на населението. Така да во граничниот појас кој припаѓа на општината Скопје, населението се зголемило во однос на 1961 год. за само 7,6%, додека во граничниот појас на општината Куманово населението бележи негативно салдо во однос на 1961 год. за -15% и покрај тоа што во овој граничен простор се наоѓаат најголемиот број од вкупниот број населени места. Најдрастично намалување на бројот на населението се забележува во граничниот појас на општината Крива Паланка каде се регистрира намалување на вкупното население за - 43% во однос на 1961 година.

## II.3. Густина и половата структура на населението на Р. Македонија и населението во граничниот појас на Р. Македонија према СР Југославија

### II.3.1. Густина и полова структура на населението на Р. Македонија според пописите

**Табела бр. 10.**

| Година | Површина во км$^2$ | Домаќинства | НАСЕЛЕНИЕ | | | Бр. на жители на км$^2$ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| - | - | - | Вкупно | Машко | Женско | - |
| 1921 | 25713 | 146161 | 808724 | 401468 | 407256 | 31,5 |
| 1931 | 25713 | 164052 | 949958 | 478519 | 471439 | 36,9 |
| 1948 | 25713 | 218819 | 1152986 | 584002 | 568984 | 44,8 |
| 1953 | 25713 | 246313 | 1304514 | 659861 | 644653 | 50,7 |
| 1961 | 25713 | 280214 | 1406003 | 710074 | 695929 | 54,7 |
| 1971 | 25713 | 352034 | 1647308 | 834692 | 812616 | 64,1 |
| 1981 | 25713 | 435372 | 1909136 | 968143 | 940993 | 74,2 |
| 1991 | 25713 | 505852[1)] | 2033964[1)] | 1027352[1)] | 1006612[1)] | 79,1[1)] |
| 1994 | 25713 | 501963 | 1945932 | 974255 | 971677 | 76 |

[1)] Попишано и проценето население и домаќинства

## Број на жители на 1 $км^2$




Од презентираните податоци, може да се констатира дека, Република Македонија има висока стапка на населеност, односно густина на населеноста од 76,57 на $км^2$(44,8 во 1948 и 74,2 во 1981 година) Табела 2.

Што се однесува до половата структура на населението во Република Македонија може да се заклучи дека нема некои особени нарушувања и дека соодносот меѓу машкиот и женскиот пол во последниве четириесет години е сосема идентичен.

### II.3.2. Густина и половата структура на населението во граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија

Интензивните миграциони движења на населението од граничниот појас на Р. Македонија према внатрешноста на Р. Македонија и другите делови од поранешна СФРЈ имаа одредено влијание и врз намалувањето на густината на населението во овој граничен појас.

**Табела бр. 11.**

| Граничен појас на | Број на жители на $.km^2$ | | |
|---|---|---|---|
| - | 1961 г. | 1971 г. | 1981 г. |
| **Граничен појас на РМ од 0 до 10 км.** | 25,4 | 26,0 | 26,2 |
| **Граничен појас на РМ од 0 до 5 км.** | 21,7 | 21,5 | 19,7 |
| **Граничен појас на РМ од 6 до 10 км.** | 28,9 | 30,1 | 32,6 |
| **Граничен појас на РМ према СРЈ од 0 до 10 км.** | 38,7 | 40,3 | 40,3 |
| **Граничен појас на РМ према СРЈ од 0 до 5 км** | 28,8 | 27,8 | 23,7 |
| **Граничен појас на РМ према СРЈ од 6 до 10 км.** | 48,2 | 52,9 | 56,9 |

Статистички преглед :10/70;17/71;29/72 и 126/82, РЗС на СРМ
Статистички годишник на СРМ/7, РСЗ/1972

Врз основа на податоците презентирани во табела број 11., може да констатираме дека, граничниот појас према СР Југославија има мошне висока стапка на населеност и истата се движи над 65% во однос на стапката на населеноста на вкупниот граничен појас на Република Македонија.

Покрај тоа, од презентираните податоци, може да се забележи дека најниска стапка на населеност има граничниот појас од 0 до 5 км. која е нешто поголема во однос на стапката на населеноста на граничниот појас од 0 до 5 км. на Република Македонија.

Од друга страна, граничниот појас од 6 до 10 км., бележи мошне висока стапка на населеност која дури оди и над 50% во однос на стапката на населеност во овој граничен појас на Република Македонија, што јасно укажува на фактот дека во овој граничен појас према СРЈ е концентриран голем број на население.

Што се однесува до половата структура на населението во граничниот појасот према СР Југославија нема некои особени нарушувања во анализираните меѓуписни периоди чиј соодноc може да се види од Прилогот број 2.

**Табела бр. 12.**

**Табела бр. 12.**

**Учество на машкиот пол во вкупната популација на граничниот појас на Р. Македонија према СР Југославија**

| Подрачја | 1961 | 1971 | 1981 |
|---|---|---|---|
| - | % | % | % |
| **Граничен појас од 0 до 5 км.** | 50.4 | 51 | 51.7 |
| **Граничен појас од 6 до 10 км.** | 50.5 | 51.4 | 51.54 |
| **Граничен појас од 0 до 10 км.** | 50.5 | 51.2 | 51.5 |

Статистички преглед :10/70:17/71:29/72 и 126/82, РЗС на СРМ
Статистички годишник на СРМ/7, РСЗ/1972

Од презентираните податоци во прилогот бр. 2 може да се констатира дека учеството на машкиот пол во вкупната популација на граничниот појас на Р. Македонија према СР Југославија, е незначително поголем во однос на женскиот пол и бележи континуирано зголемување што претставува значаен показател на потенцијалните можности за пополнување на вооружените сили и другите структури на одбраната од овие гранични места.

**Графички приказ за движењето на бројот на машкото население во граничниот појас на Р. Македонија према СР Југославија**



**Графички приказ на вкупното население според полот - мажи во граничниот појас од 0 до 5 км.**



**Графички приказ на вкупното население според полот - мажи во граничниот појас од 6 до 10 км.**



**Графички приказ на вкупното население според полот - мажи во граничниот појас од 0 до 10 км.**



Табела бр. 13.

## Население според пол - мажи
- по општини -

| Граничен појас од 0 до 5 км. | број на населби | 1961 год. | | 1971 год. | | 1981 год. | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - | - | насе-ление | машки | насе-ление | машки | насе-ление | машки |
| **Гостивар** | нема | - | - | - | - | - | - |
| **Тетово** | 7 | 4606 | 2285 | 5640 | 2911 | 6063 | 3151 |
| **Скопје** | 10 | 8352 | 4357 | 7877 | 4158 | 7249 | 3792 |
| **Куманово** | 25 | 13554 | 6955 | 12503 | 6400 | 10088 | 5177 |
| **Крива Паланка** | 11 | 6717 | 3144 | 6137 | 2892 | 3979 | 2061 |

| Граничен појас од6 до 10 км. | број на населби | 1961 год. | | 1971 год. | | 1981 год. | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - | - | насе-ление | машки | насе-ление | машки | насе-ление | машки |
| **Гостивар** | 6 | 2481 | 1237 | 2815 | 1477 | 2760 | 1449 |
| **Тетово** | 18 | 22271 | 11313 | 26996 | 13962 | 31695 | 16334 |
| **Скопје** | 13 | 9684 | 4839 | 10127 | 5171 | 12170 | 6237 |
| **Куманово** | 29 | 19175 | 9746 | 18987 | 9715 | 17762 | 9168 |
| **Крива Паланка** | 7 | 2641 | 1315 | 2152 | 1055 | 1371 | 703 |

## II.4. Трендови во движењето на населението во граничните подрачја на Република Македонија према СР Југославија

### II.4.1 Граничен појас од 0 - 5 км.

Граничниот појас на Република Македонија од 0 до 5 км. опфаќа вкупно 168 населби што представува 9,6% од вкупниот број на населби во Република Македонија во кои, во 1961 год. живееле вкупно 92444 жители што представува 6,6% од вкупното население во граничниот појас на Р. Македонија.

Населението во овој граничен појас на Република Македонија, во наредниот период бележи негативен тренд на движење, така што во 1971 година се регистрира опаѓање на населението за 1073 лица или 1.2% со вкупен број од 91371 што представува 5,5% од вкупното население во граничниот појас на Република Македонија. Таквиот негативен тренд, продолжува и во наредниот меѓупописен период, кога во 1981 година се регистрирани 83915 жители, или 4,4% од населението во граничниот појас на Република Македонија. Во споредба со 1961 година истото се намалило за 8529 лица т.е. за 9.2%, а во однос на 1971 година за 7456 жители или 8.2%.(Табела бр.14)

Во граничниот појас према СР Југославија од 0 - 5 км. опфатени се вкупно 53 населени места. Според пописот од 1961 година во овој граничен појас живееле вкупно 33229 жители, или 37,1% од вкупниот број на жители, во појасот, односно 36% од вкупното население во граничниот појас на Република Македонија од 0 до 5 км. (Табела бр.14).

**Табела бр. 14.**

**Споредбен преглед на бројот на населението во 1961, 1971 и 1981 година во граничниот појас од 0 - 5 км. на Р.Македонија**

| **Број на населби** | | **Население** | | | **Индекси** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| - | | 1961 | 1971 | 1981 | 81/61 | 81/71 |
| **Вкупно** | 1750 | 1406003 | 1647308 | 1909136 | 135,8 | 115.9 |
| **Граничен појас 0 - 5 км.** | 168 | 92444 | 91371 | 83915 | 90,8 | 91.8 |

**Учество во Р. Македонија**

| **Број на населби** | | **Население** | | |
|---|---|---|---|---|
| - | | 1961 | 1971 | 1981 |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100.0 | 100,0 |
| **Граничен појас 0 - 5 км.** | 9,6 | 6,6 | 5,5 | 4,4 |

Населението во 1971 година почнува да се намалува и изнесува 32157 жители односно 34,5% од од вкупниот број на жители. или 35,2% од населението во граничниот појас на РМ и тоа намалување е за 1072 лица помалку во однос на 1961 година, односно представува намалување за - 3,2% во однос на 1961 година.

Трендот на намалувањето на населението во граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија, продолжува и во наредниот период, така според пописот од 1981 година тоа изнесува 27379 жители, односно 29,4% од вкупниот број на жители во граничниот појас, т.е. 32,6% од населението во граничниот појас на РМ.

На́малувањето на бројот на жители во 1981 година во однос на 1961 година изнесува 5850 жители или намалување за -17,6%.

Од изнесените податоци, може да се воочи дека поизразено намалување на населението е забележано во периодот 1971 - 1981 година, кое изнесува 4778 жители или -14,8% во однос на 1971 година (табела бр. 15).

## Табела бр. 15

### Споредбен преглед на бројот на населението од појасот према СРЈ, со бројот на населението од вкупниот граничен појас на Р. Македонија од 0 до 5 км.

| **Број на населби** | | **Население** | | |
|---|---|---|---|---|
| - | | 1961 | 1971 | 1981 |
| **Граничен појас на Р.М. 0 - 5 км.** | 168 | 92444 | 91371 | 83915 |
| **Граничен појас на Р.М. према СРЈ 0 - 5 км.** | 53 | 33229 | 32157 | 27379 |
| **Учество** | 31,5 | 36,0 | 35,2 | 32,6 |

Движењето на населението (порастот - намалувањето), се одвивал со различна динамика во различни делови, односно населени места по општините кои се во зафатот на граничниот појас.

Од изнесените податоци и од табела бр. 17 може да се забележи дека населението во населените места во западните делови на граничниот појас бележи континуирано зголемување во истражуваниот период од 1961 до 1981 година, така да, според пописот од 1961 година во населените места во граничниот појас од 0 до 5 км., во општината Тетово, живееле 4606 жители, односно 13,9% од вкупното население во граничниот појас од 0 до 5 км., додека во 1971 година живееле 5640 жители, односно 17,5% од вкупното население во граничниот појас, што значи се зголемило за 1034 жители или 22,4% во однос на 1961 година. Трендот на зголемувањето на населението продолжува и во следниот период, така според пописните резултати од 1981 година бројот на населението достигнува 6063 жители, односно 22,1% од вкупниот број на население во граничниот појас, што значи дека населението во општината Тетово во периодот од 1961 до 1981 година бележи пораст за 31,6%.

Ваквиот брз пораст на населението во граничниот појас од 0 до 5 км. во општина Тетово, првенствено е резултат на мошне високиот, односно нерационален наталитет кај албанското население (табела бр. 17).

Од друга страна, анализирајќи ги податоците во табелите број 18, 19 и 20 може да се заклучи дека, населението во населените места во граничниот појас од 0 до 5 км. што припаѓа на општините Скопје, Куманово и Крива Паланка, бележи континуирано намалување на вкупниот број на населението.

Од 8352 жители во 1961 година или 25,1% од вкупното население во граничниот појас од 0 до 5 км. што припаѓа на општината Скопје, тоа во 1971 година се намалило на 7877 жители или -5,7%.

Според пописот од 1981 година населението и понатаму се намалува и достигнува 7249 жители, односно -13,2% во однос на 1961 година (табела бр. 18).

Слична е состојбата со движењето на населението и во општината Куманово. Така во 1961 година, бројот на населението изнесуваше 13554 жители или 40,8% од вкупното население во граничниот појас од 0 до 5 км. Во наредниот десетогодишен период, населението бележи намалување и во 1971 година изнесува 12503 жители или помалку за -7,8% во однос на 1961 година.

Намалувањето на населението продолжува и понатаму, така да во 1981 година достигнува бројка од 10088 жители или 36,8% од вкупното население во граничниот појас од 0 до 5 км., што значи

дека населението во периодот од 1961 до 1981 година се намалило за 3466 жители или помалку за 25,6% (табела бр. 19).

По изразено и интнезивно намалување на населението во граничниот појас од 0 до 5 км. се бележи во општината Крива Паланка. Во 1961 година според пописните резултати се регистрирани 6717 жители или 20,2% од вкупното население во граничниот појас од 0 до 5 км. Според пописот од 1971 година населението продолжува да се намалува и достигнува 6137 жители, односно 19,1% од вкупното население во граничниот појас од 0 до 5 км., односно се намали за -8,6% во однос на 1961 година. Подрастично намалување на населението се бележи во периодот од 1971 до 1981 година и според пописот од 1981 година истото изнесува 3979 жители или 14,5% од вкупното население во граничниот појас 0-5 км. Во овој период вкупното население бележи намалување за 35,1% додека во однос на 1961 година за 41% што е најголемо намалување на населението во граничниот појас од 0 до 5 км. на Република Македонија према СР Југославија (табела бр. 20).

Од напред изнесените констатации и податоци презентирани во табелите, може да се констатира дека разликите што се јавуваат во движењето на населението во последните години најповеќе произлегуваат од разликите во интензитетот на природниот прираст од интензитетот на миграционите движења во зависност од географската и економската положба на населените места во граничниот појас, од националниот состав на населението и од традициите на населението за движењето од едно во друго место на живеење.

**Табела бр. 16**

## Споредбен преглед на бројот на населението во 1961, 1971 и 1981 година во граничниот појас од 0 - 5 км. со вкупното население од граничниот појас према СРЈ

| Број на населби | | Население | | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| - | | 1961 | 1971 | 1981 | 81/61 | 81/71 |
| **Вкупно** | 126 | 89481 | 93234 | 93137 | 104 | 99,9 |
| **Граничен појас 0 - 5 км.** | 53 | 33229 | 32157 | 27379 | 82,4 | 85,1 |

**Графички приказ на вкупниот број население во граничниот појас од 0 до 5 км.**



**Табела бр. 17**

**Вкупен број на население во граничниот појас од 0 до 5 км. во општина Тетово**

| Попис | Вкупен бр. население | индекс 1961 - 100 |
|---|---|---|
| граничен појас 0-5 км | - | |
| 1961 година | 4606 | 100 |
| 1971 година | 5640 | 122,4 |
| 1981 година | 6063 | 131,6 |

Статистички преглед :10/70;17/71;29/72 и 126/82, РЗС на СРМ
Статистички годишник на СРМ/7, РСЗ/1972

**Табела бр. 18**

**Вкупен број на население во граничниот појас од 0 до 5 км. во општина Скопје**

| Попис | Вкупен бр. население | индекс 1961 - 100 |
|---|---|---|
| граничен појас 0-5 км | - | |
| 1961 година | 8352 | 100 |
| 1971 година | 7877 | 94,3 |
| 1981 година | 7249 | 86,8 |

Статистички преглед :10/70;17/71;29/72 и 126/82, РЗС на СРМ
Статистички годишник на СРМ/7, РСЗ/1972

**Табела бр. 19**

### Вкупен број на население во граничниот појас од 0 до 5 км. во општина Куманово

| Попис | Вкупен бр. население | индекс 1961 - 100 |
|---|---|---|
| граничен појас 0-5 км | - | |
| 1961 година | 13554 | 100 |
| 1971 година | 12503 | 92,2 |
| 1981 година | 1008 | 74,4 |

Статистички преглед :10/70;17/71;29/72 и 126/82, РЗС на СРМ
Статистички годишник на СРМ/7, РСЗ/1972

**Табела бр. 20**

### Вкупен број на население во граничниот појас од 0 до 5 км. во општина Крива Паланка

| Попис | Вкупен бр. население | индекс 1961 - 100 |
|---|---|---|
| граничен појас 0-5 км | - | |
| 1961 година | 6717 | 100 |
| 1971 година | 6137 | 91,4 |
| 1981 година | 3979 | 59,2 |

Статистички преглед :10/70;17/71;29/72 и 126/82, РЗС на СРМ
Статистички годишник на СРМ/7, РСЗ/1972

### II.4.2. Граничен појас од 6 - 10 км.

Во граничниот појас на Република Македонија од 6 до 10 км. опфатени се вкупно 200 населени места, што е 11,4% од вкупниот број на населби во Република Македонија кои во 1961 година опфаќале 123004 жители што претставува 8,7% од вкупното население во граничнниот појас на Република Македонија. Во наредните меѓупописни периоди, населението од овој граничен појас бележи позитивен тренд на движење, така што во 1971 година истото изнесува 129697 жители или 7,9% од населението. Позитивниот тренд продолжува и понатаму во 1981 година кога се попишани 138631 жител, односно 7,3% во однос на севкупното население во овој граничен појас на Република Македонија.

Во споредба со 1961 година, населението се зголемило за 12,6% или 15587 жители, додека во споредба со 1971 година истото се зголемило за 6,9% односно 8934 жители.(Табела бр. 21)

## Табела бр. 21.

## Споредбен преглед на бројот на населението во 1961, 1971 и 1981 година во граничниот појас од 6 до 10 км. на Р. Македонија

| **Број на населби** | | **Население** | | | **Индекси** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| - | | 1961 | 1971 | 1981 | 81/61 | 81/71 |
| **Вкупно** | 1750 | 1406003 | 1647308 | 1909136 | 135,8 | 115,9 |
| **Граничен појас 6 - 10 км.** | 200 | 123044 | 129697 | 138631 | 112,6 | 106,9 |

| **Учество во Р. Македонија** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 100 | 100,0 | 100,0 | 100,0 |
| **Граничен појас 6 - 10 км.** | 11,4 | 8,7 | 7,9 | 7,3 |

**Споредбен преглед на бројот на населението од појасот према СРЈ, со бројот на населението од вкупниот граничен појас на Р. Македонија од 6 до 10 км.**

| Број на населби | | Население | | |
|---|---|---|---|---|
| - | | 1961 | 1971 | 1981 |
| **Граничен појас на Р.М. 6 - 10 км.** | 200 | 123044 | 129697 | 138631 |
| **Граничен појас на Р.М. према СРЈ 6 - 10 км.** | 73 | 56252 | 61077 | 65758 |
| **Учество** | 36.5 | 45.7 | 47.1 | 47.4 |

**Табела бр. 21а**

**Споредбен преглед на бројот на населението во 1961, 1971 и 1981 година во граничниот појас на РМ со вкупното население од граничниот појас према СРЈ**

| Број на населби | | Население | | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| - | | 1961 | 1971 | 1981 | 81/61 | 81/71 |
| **Вкупно** | 126 | 89481 | 93234 | 93137 | 104 | 99.9 |
| **Граничен појас 6 - 10 км.** | 73 | 56252 | 61077 | 65758 | 116.9 | 107.7 |

Во граничниот појас према СРЈ од 6 до 10 км., опфатени се вкупно 73 населени места.

За разлика од граничниот појас од 0 до 5 км., во граничниот појас од 6 до 10 км. живее поголем број на население, односно според пописот од 1961 година има вкупно 56252 жители што претставува 63% од вкупното население во граничниот појас во 1961 година (табела бр. 21).

Во однос на граничниот појас од 0 до 5 км., каде населението меѓу пописните години постојано се намалуваше, за овој граничен појас е карактеристично постојано зголемување на населението.

Во 1971 година, вкупниот број на населението изнесува 61077, или 65,5% од вкупното население, т.е. 47,1% од населението во граничниот појас на РМ. Во однос на 1961 година, населението се зголемило за 4825 жители или за 8,6%.

Во наредниот период повторно имаме зголемување на бројот на населението, така во 1981 година се бележи зголемување на 65758 жители,што во однос на вкупното население во граничниот појас од 6 до 10 км во 1981 година изнесува 70,6% или 47,4% од населението во граничниот појас на РМ. Значи населението во однос на 1961 година се зголемило за 9506 жители, или за 16,9%, додека во однос на 1971 година населението бележи пораст за 4681 жител, или за 7,7%( табела бр. 21).

Од изнесените податоци може да се заклучи дека константно се зголемувало населението меѓу пописните периоди, 1961 - 1971 и 1971 - 1981 година, но и во овој граничен простор се забележуваат големи регионални разлики во општите трендови на развојот на населението (табела бр. 13).

Од истакнатите податоци во табелата може да се забележи дека во овој граничен појас, најголемо зголемување на бројот на населението е карактеристично за деловите од појасот што им припаѓа на општината Тетово, така што во 1961 година вкупното население изнесувало 22271 жител, или 39,6% од вкупното население во граничниот појас од 6 до 10 км.

Во наредниот пописен период, во 1971 година, вкупното население се зголемува на 26996 жители, или 44,2% од вкупниот број на жители во 1971 година.

Во споредба со 1961 година, во 1971 година бројот на населението се зголемил за 4725 жители, или 21,2%.

Ист тренд на зголемување на бројот на населението продолжува и во 1981 година, кога достигнува до 31695 жители, односно 48,2% од вкупниот број на население во граничниот појас од 6 до 10 км.Во однос на 1961 година, населението се зголемило за 9424 жители или 42,3%, додека во споредба со 1971 година се зголемило за 4699 жители или 17,4%.

Од напред изнесеното може да се констатира дека, населението во граничниот појас што ѝ припаѓа на општината Тетово, пертманентно растело со приближно еднаква стапка на пораст меѓу пописните периоди.

Позитивен тренд на пораст на бројот на населението во граничниот појас од 6 до 10 км., се бележи и кај населението во граничниот појас што им припаѓа на општините Скопје и Гостивар.

Според пописот од 1961 година, во граничниот појас од 6 до 10 км., кој припаѓа на општината Скопје, биле попишани 9684 жители, што претставува 17,2% од вкупното население во граничниот појас од 6 до 10 км.

Во периодот од 1961 до 1971 година населението бележи незначителен пораст на вкупниот број на население, така да во 1971 година изнесува 10127 жители, или 16,6% од вкупното население во граничниот појас од 6 до 10 км. Тоа значи дека населението во споредба со 1961 година се зголемило за 443 жители, или за 4,6%. Поизраено зголемување на бројот на населението се бележи во пописниот период од 1971 до 1981 година, кога вкупниот број на населението изнесува 12170 жители, или 18,5% од вкупниот број на жители во граничниот појас од 6 до 10 км. Во однос на 1961 година населението се зголемило за 2486 жители, или 25,6%, додека во однос на 1971 година истото се зголемило за 2043 жители, или 20%.

Слична состојба на демографското движење на населението во граничниот појас од 6 до 10 км. е регистрирана и кај населените места од овој граничен појас кои припаѓат на општината Гостивар.

Анализирајќи ги пописните периоди јасно може да се воочи позитивниот тренд на движење на населението и покрај тоа што се работи за мал број на населени места, со помала концентртација на бројот на жителите. Споредувајќи ги статистичките податоци од последните периоди може да се види дека во 1961 година се регистрирани вкупно 2481 жител, што претставува 4,4% од вкупното население во граничниот појас од 6 до 10 км. Во 1971 година, населението бележи пораст за 13,4% во однос на 1961 година, или зголемување за 334 жители, така во 1971 година се бележи вкупен број на населението од 2815 жители, што во однос на вкупниот број на населението во граничниот појас од 6 до 10 км. изнесува 4,6%.

За наредниот пописен период за населените места од општината Гостивар, карактеристично е тоа што се бележи незначително намалување на населението, односно населението во 1981 година изнесува 2760 жители, или 4,2% во однос на вкупноиот бриј на жители во овој граничен појас. Тоа значи дека населението во споредба со 1971 година се намалило за 55 жители, процентуално изразено за 2%.

Анализирајќи ги пописните периоди од 1961 до 1981 година и покрај тоа што во еден период имаше назначително намалување,

може да се констатира дека населението во граничниот појас кој ѝ припаѓа на општината Гостивар, бележи позитивен тренд на пораст на население во просек од 12% по пописни периоди (табела бр.13 и бр. 22).

**Табела бр. 22.**

## Вкупен број на население во граничниот појас од 6 до 10 км. во општина Гостивар

| Попис | Вкупен број на население | Индекс 1961-100 |
|---|---|---|
| **Граничен појас од 6 до 10 км** | | |
| **1961 година** | 2481 | 100 |
| **1971 година** | 2815 | 113,4 |
| **1981 година** | 2760 | 111,2 |

Статистички преглед :10/70;17/71;29/72 и 126/82, РЗС на СРМ
Статистички годишник на СРМ/7, РСЗ/1972

За разлика од граничните места на општините Тетово, Скопје и Гостивар, во кои населението во сите пописни периоди бележи константно зголемување, во населените места од општините Куманово и Крива Паланка во истиот граничен појас се јавува дијаметрална спротивност во правец на постојано намалување на бројот на населението.

Тоа намалување на населението посебно е изразено во општината Крива Паланка, каде од 2641 жител во 1961 година кое изнесуваше 4,7% од вкупното население во граничниот појас од 6 до 10 км., во 1971 година истото се намалува на 2152 жители односно за 489 жители, или 18,6%. Намалувањето на населението продолжува и натаму со голем интензитет, така да во 1981 година достигнува бројка од 1371 жител, или 2,1% од вкупниот број население во граничниот појас од 6 до 10 км. Тоа значи дека во однос на 1971 година населението се намалило за 781 жител, или 36,3%, а во однос на 1961 година се намалува за 1270 жители, или 52% (табела бр. 26).

Во споредба со општината Крива Паланка, за која може да се каже дека има драстично намалување на бројот на жителите во

граничните населени места, во општина Куманово, во населените места од граничниот појас намалувањето на населението се одвивало со сосема мал интензитет, што може да се види од табела бр. 25.

Според податоците од табелата бр. 25, може да се види дека во 1961 година имало вкупно 19175 жители, што во однос на вкупниот број на жители во граничниот појас од 6 до 10 км. изнесува 34%.

Во пописниот период од 1971 година бројот на населението се сведува на 18987 жители, или 31,1% од вкупното население во граничниот појас од 6 до 10 км. Во споредба со 1961 година, бројот на населението се намалил за 188 жители, или 1%.

Ваквиот негативен, но сосема низок тренд на намалување на населението продолжува и натаму, за да во 1981 година дојде до бројка од 17762 жители со 27% од вкупниот број жители во граничниот појас од 6 до 10 км. Од наведените податоци може да се воочи дека во споредба со 1971 година населението се намалило за 1225 жители, или 5,5%, додека во однос на 1961 година намалувањето е за 1413 жители, или 6,4%.

**Графички приказ на населението во граничниот појас од 6 до 10 км.**



**Табела бр. 23.**

## Вкупен број на население во граничниот појас од 6 до 10 км. во општина Тетово

| Попис | Вкупен број на население | Индекс 1961-100 |
|---|---|---|
| **Граничен појас од 6 до 10 км** | | |
| **1961 година** | 22271 | 100 |
| **1971 година** | 26996 | 121,2 |
| **1981 година** | 31695 | 142,3 |

Статистички преглед :10/70;17/71;29/72 и 126/82, РЗС на СРМ
Статистички годишник на СРМ/7, РСЗ/1972

**Табела бр. 24.**

## Вкупен број на население во граничниот појас од 6 до 10 км. во општина Скопје

| Попис | Вкупен број на население | Индекс 1961-100 |
|---|---|---|
| **Граничен појас од 6 до 10 км** | | |
| **1961 година** | 9684 | 100 |
| **1971 година** | 10127 | 104,5 |
| **1981 година** | 12170 | 125,6 |

Статистички преглед :10/70;17/71;29/72 и 126/82, РЗС на СРМ
Статистички годишник на СРМ/7, РСЗ/1972

**Табела бр. 25.**

## Вкупен број на население во граничниот појас од 6 до 10 км. во општина Куманово

| Попис | Вкупен број на население | Индекс 1961-100 |
|---|---|---|
| **Граничен појас од 6 до 10 км** | | |
| **1961 година** | 19175 | 100 |
| **1971 година** | 18987 | 99 |
| **1981 година** | 17762 | 92,6 |

Статистички преглед :10/70;17/71;29/72 и 126/82, РЗС на СРМ
Статистички годишник на СРМ/7, РСЗ/1972

**Табела бр. 26.**

## Вкупен број на население во граничниот појас од 6 до 10 км. во општина Крива Паланка

| Попис | Вкупен број на население | Индекс 1961-100 |
|---|---|---|
| **Граничен појас од 6 до 10 км** | | |
| **1961 година** | 2641 | 100 |
| **1971 година** | 2152 | 81,4 |
| **1981 година** | 1371 | 52 |

Статистички преглед :10/70;17/71;29/72 и 126/82, РЗС на СРМ
Статистички годишник на СРМ/7, РСЗ/1972

**II.4.3. Граничен појас од 0 - 10 км.**

Во граничниот појас на Република Македонија од 0 до 10 км., опфатени се вкупно 368 населени места или 21% од вкупниот број на населените места во севкупниот граничен појас на Република Македонија и за истиот е карактеристично што се забележува сосема мал, дури незначителен пораст на населението. Од податоците изнесени во табелата бр. 24 јасно може да се види дека населението во 1981 година во споредба со 1961 година се зголемило за 3,3%, а во споредна со 1971 година само за 0,7%.

Од друга страна во граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија опфатени се вкупно 126 населени места или 34,2% од вкупниот број на граничните населби на Р. Македонија.

Со презентирање на податоците за движењето на населението во граничниот појас, ќе направиме целосен приказ за општите трендови на движењето на населението на целокупниот граничен појас.

Со оглед на тоа што во почетокот на оваа поглавје се изнесени податоците за вкупниот број на население и неговото движење според пописните периоди, овдека табеларно ќе ги прикажеме споредбените податоци според пописните периоди од 1961, 1971 и 1981 година помеѓу граничните појаси од 0 до 5 км., 6 до 10 км. и 0 до 10 км.

**Табела бр.27.**

**Споредбен преглед на бројот на населението во 1961, 1971 и 1981 година во граничниот појас од 0 до 10 км. на Р. Македонија**

| Број на населби | | Население | | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| - | | 1961 | 1971 | 1981 | 81/61 | 81/71 |
| **Вкупно** | 1750 | 1406003 | 1647308 | 1909136 | 135.8 | 115.9 |
| **Граничен појас 0- 10 км.** | 368 | 215488 | 221068 | 222546 | 103.3 | 100.7 |

**Учество во Р. Македонија**

| - | | 1961 | 1971 | 1981 |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |
| **Граничен појас 0 - 10 км.** | 21,0 | 15,3 | 13,4 | 11,6 |

**Табела бр. 27а**

| Број на населби | | Население | | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | | 1961 | 1971 | 1981 | 81/61 | 81/71 |
| **Граничен појас 0 - 5 км.** | 53 | 33229 | 32157 | 27279 | 82,4 | 85,1 |
| **Граничен појас 6 - 10 км.** | 73 | 56252 | 61077 | 65758 | 116,9 | 107,7 |
| **Граничен појас 0 - 10 км.** | **126** | **89481** | **93243** | **93137** | **104** | **99,9** |
| **Граничен појас на РМ од 0-10км** | 368 | **215488** | **221068** | **222546** | **103,3** | **100,7** |

## II.5. Население во граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија според национална припадност

Денес во граниничниот појас на Република Македонија према Сојузна Република Југославија, покрај македонскиот народ живеат и други националности и етнички групи. Некои од нив бројно се зголемувале, а други по бројот на населението опаѓале, во зависност од миграционите движења и некои други причини.

Најголемиот број од населението го сочинува населението од албанската националност со доста висок процент на застапеност и со тенденција на натамошно зголемување (Табела бр. 28), потоа по бројот на застапеноста доаѓат Македонците со стремеж на непрекинато осипување од населените места од граничнот појас, а веднаш по нив доаѓаат и другите националности со сосема мал а за некои дури и незначителен процент. Тоа пред се се однесува на Србите, Турците, Ромите, Муслиманите, Бугарите и останати националности.

Во периодот од 1971 година па наваму се менувал бројот на Македонците и другите националности што може да се види во табелата бр. 28.

Од оваа табела се гледа дека најголемиот број од населението што живее на територијата во зафатот на граничниот појас на Република Македонија према Сојузна Република Југославија го чини албанската националност.

Од пописните периоди од 1971 и 1981 година бројот на населението од албанската националност е во постојан пораст, така во 1971 година бележи бројка од 48167 жители, или 51,7% од вкупниот број на населението во граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија,во наредниот пописен период од 1981 година исто така се бележи значителен пораст на населението од албанската националност кое достигнува до бројка од 56923 жители, односно 61,1% од населението и со оглед на големиот природен прираст и механичкиот прилив од Косово, во однос на 1971 година исто се зголемил за 8756 жители, или 18,2%.

Во однос на територијалната разместеност на Албанците во граничниот појас, тие се застапени во населени гранични места од четри општини, освен во општината Крива Паланка (Табела бр. 33 и бр. 34). Најзастапени се во општината Тетово со 22618 жители, или 24,3% од вкупнато население во граничниот појас во 1971 година, односно 27575 жители со 29,6% во однос на вкупното население во граничниот појас во 1981 година.

Исто така голема концентрација на Албанците се бележи и во населените гранични места во општината Куманово, така што во 1971 година вкупно живеат 12958 лица или 13,9% од вкупното население во граничниот појас. Во 1981 година бројот на албанското население се зголемило до бројка од 14104 лица или 15,1% од вкупното население во појасот.

Натаму, голема концентрација на Албанците има во граничните населени места во општината Скопје, со вкупно 9945 лица или 10,7% од вкупното население во 1971 година за да во 1981 година дојде до 12657 лица или 13,6%.

Релативно помало учество на Албанците е во населените гранични места во општината Гостивар, но со оглед на тоа што во граничниот појас од општината Гостивар се опфатени многу мал број населени места (вкупно 6 населени места) таа бројка е сосема реална. Имено, во 1971 година Албанците броеле 2646 лица или 2,8% од вкупното население во граничниот појас, а во 1981 година 2587 жители или 2,8%, што значи дека албанската народност ја задржала потполно истата динамка во природниот прираст на населението.

Анализирајќи го граничниот појас од 0 до 5 км. и од 6 до 10 км., врз основа на податоците презентирани во табелите број 28, 29, 30 и 31 може да се заклучи дека во граничниот појас од 0 до 5 км. во 1971 година, Албанците се најзастапени во населените гранични места во општината Скопје со 6081 лице или 19% од населението во тој граничен појас, истовремено во општината Куманово Албанците се застапени со 5932 лица или 18,4% од населението и на крај со помала концентрација на албанското население доаѓа општината Тетово со вкупен број на жители од 4593 лица или 14,3% (табела бр. 29).

Сосема идентичен е односот на концентрацијата на албанското население и сосема еднаков прирастот и во 1981 година така што на прво место пак доаѓа општината Скопје со 6091 лице, 22,2%, потоа доаѓа општината Куманово со 5969 лица или 22% и на крај општината Тетово со 4939 жители или 18% од вкупното население во граничниот појас од 0 до 5 км. (табела бр. 30).

Што се однесува до граничниот појас од 6 до 10 км. состојбата со албанското население е сосема поинаква во однос со граничниот појас од 0 до 5 км., како во однос на вкупниот број така и во однос на дисперзираноста на населението во граничните места на општините.

Процентуално, Албанците се најзастапени во општината Тетово каде што живеат 18025 лица, што претставува 29,5% од целокупното население во граничниот појас од 6 до 10 км. во 1971 година, истовремено, во истиот период во општината Куманово се застапени со 7026 лица или 11,5% од вкупното население во тој појас, натаму доаѓа општината Скопје со 3864 жители што значи 6,3% од вкупното население и најмалку општината Гостивар со вкупно 2646

лица или 4,3% од целокупното население во граничниот појас од 6 до 10 км. (табеле бр. 31).

Во 1981 година во истиот граничен појас скоро идентичен е соодносот на вкупното албанско население, а тоа значи дека во однос на 1971 година, во 1981 година Албанците бележат пораст за нешто повеќе од 26,5%, исто така се задржува и истиот сооднос во смисол на дисперзираноста на населението во населените места по општините. Тоа значи дека, општината Тетово има најголема концентрација на албанското население каде живеат вкупно 22636 лица, што претставува 34,4% од сите жители во граничниот појас од 6 до 10 км. Втора по ред доаѓа општината Куманово со 8135 лица или 12,4% од вкупното население во појасот. Нешто помала концентрација на населението во однос на општината Куманово е општината Скопје со 6566 лица, што претставува 10% од населението во граничниот појас и на крај со најмал процент на застапеност на албанската националност, со оглед на најмал број населени места (6), е општината Гостивар со 2587 жители или 3,9% од населението на појасот од 6 до 10 км. (табела бр. 32).

Веднаш по населението од албанската националност по вкупен број на жители е македонскиот народ. Од табелите се гледа дека за разлика од Албанците, кои се во постојан прираст, бројот на Македонците е постојано намалување, како последица на интензивните миграциони движења од овие простори, кон внатрешноста на Републиката, како и од нискиот природен прираст на Македонците на тие простори.

Од табелата бр. 28, се гледа дека, во 1971 година вкупниот број на Македонците изнесува 33724 лица, односно 36,2% од населението. Во наредниот пописен период, во 1981 година, нивниот број се намалил на 27871 жител, што претставува 30% од целокупното население. Ако се споредат бројчаните индикатори за учеството на македонскиот народ и населението од албанскста националност, во вкупното население, ќе се дојде до констатација дека, во 1971 година, Македонците биле застапени со 36,17%, Албанците со 51,70% додека во 1981 година, доаѓа до драстично нарушување на тој сооднос, односно, Македонци 30,0%, Албанци 61,11%.

Анализирајќи ја територијалната разместеност на Македонците, од табелата бр. 33 и 34, се гледа дека во 1971 година, Македонците најповеќе биле концентрирани во населените гранични места од општината Куманово во кои живееле 12381 лице или 13,3% од вкупното население, потоа најзастапени се во општината Тетово со 8815 лица што претставува 9,4% од целото население во граничниот појас. Нешто идентично со општината

Тетово е општината Крива Паланка каде живееле вкупно 8139 жители или 8,7% од вкупното население во граничниот појас. Во населените места од општината Скопје живеат 4234 лица, што претставува 4,5% од населението и на крај со многу низок процент на застапеност на Македонците се јавува општината Гостивар со 155 лица или 0,16% во споредба со вкупното население во граничниот појас.

Во периодот од 1981 година, доаѓа до промена во застапеноста на Македонците во населените места од граничниот појас, така што наместо општината Куманово доаѓа општината Тетово со најголем процент на македонски народ.

Во општината Тетово регистрирани се 9072 жители - Македонци што претставува 9,7% од вкупното население, натаму следи општината Куманово во чии населени гранични места живеат 8678 жители или 9,3%, потоа општината Скопје со 4760 лица или 5,1% и со најмало учество на Македонци е општината Гостивар со 104 лица или 0,1% од целото население во граничниот појас.

Застапеноста на Македонците по граничните појаси, од 0 до 5 км. и од 6 до 10 км. е следната : Во граничниот појас од 0 до 5 км. македонскиот народ во 1971 година, најповеќе е концентриран во граничниот појас од општината Крива Паланка со 5999 жители или 18,6% од населението во тој појас, потоа следи општината Куманово во чии населени места во појасот живеат 3932 лица или 12,2% од населението во појасот, потоа општината Скопје каде живеат 1062 лица што претставува 3,3% од вкупното население и на крај општината Тетово со 934 лица или 2,9% од вкупното население.

Во 1981 година македонското население бележи стагнирање во својот демографски развој, односно, доаѓа до намалување на Македонското население за 33,6% во однос на 1971 година, како последица на засилените миграциони движења т.е. преместувањето на населението од селата во градовите, како и од напуштање на планинските предели и поместување во рамничарските делови. Тие и други причини доведоа до изразено намалување на македонското население, така што сега во општината Крива Паланка се регистрирани 3893 жители или 14,2% од целокупното население во тој појас, натаму доаѓа општината Куманово со 2107 лица што претставува 7,7% од вкупното население, во општината Тетово со 1077 жители или 3,9% од вкупното население и на крај општината Скопје со 841 жител или 3% од вкупното население во граничниот појас од 0 до 5 км. (табела бр. 30).

Набљудувајќи ги податоците од табелите број 31 и 32 се гледа дека, во граничниот појас од 6 до 10 км. во 1971 година македонскиот народ е застапен со 21797 жители или 35,7% од вкупното население во овој граничен појас, што значи дека македонското население се зголемило за 9870 лица односно, за 83% во однос на граничниот

појас од 0 до 5 км., но исто така доаѓа и до промена во редоследот во територијалната застапеност на Македонците во населените места во граничниот појас по одделни општини.

За разлика од граничниот појас од 0 до 5 км., во овој граничен појас македонското население е најзастапено во граничните население места од општината Куманово со 8449 лица или 13,8% од вкупното население во појасот, потоа следи општината Тетово со 7881 жител или 12,9%, со 3172 жители или 5,2% е општината Скопје, во општината Крива Паланка се регистрирани 2140 лица, односно 3,5% од вкупното население и на крај е општината Гостивар со 0,25% од целокупното население во граничниот појас од 6 до 10 км.

Во 1981 година, во граничниот појас од 6 до 10 км. македонското население е застапено со вкупно 19953 лица или 30,3% од населението во тој појас (табела бр.31), што наведува на заклучок дека истото население со споредба со 1971 година се намалило за 1844 лица или 8,5%. Од друга страна споредувајќи ги податоците од двата гранични појаси од 0 до 5 км. и 6 до 10 км. во истиот период, 1981 година, може да се види дека во граничниот појас од 6 до 10 км. живеат 12035 жители или 15,2%, повеќе Македонци одошто во појасот од 0 до 5 км. Исто така доаѓа и до промена на застапеноста на населението по населени места во поодделни општини, така да, најголема концентрација на македонското население е во општината Тетово со 7995 лица или 12,1% од населението (табела бр.32). Малку помала концентрација на македонското население е регистрирана во општината Куманово со вкупно 6571 лице, што претставува 10% од вкупното население во појасот, натаму доаѓа општината Скопје со 3919 лица или 6% од вкупното население, во општината Крива Паланка живееле 1364 жители или 2% и најмал број на македонско население се бележи во населените места од општината Гостивар, со вкупно 104 лица или 0,16% од вкупното население во граничниот појас од 6 до 10 км.

Како што се гледа од табелите број 26 и 27, како побројно население, по Албанците и Македонците се Србите. Според статистичките податоци од 1971 година, во граничниот појас на Р. Македонија према СР Југославија како Срби се декларирале вкупно 8741 лице, или 9,37% од вкупното население, а во 1981 година 6386 лица или 6,8% од вкупното население во појасот. Тие живеат во сите населени места од појасот, во некои многу малку, дури и симболично, а во одредени места и во поголем број. Според бројот најмногу ги има во населените места од граничниот појас што ѝ припаѓа на општината Куманово, и тоа, во 1971 година, 5463 лица или 5,8% од вкупното население во појасот т.е. 62,5% од вкупното српско население за да во 1981 година, тој број се редуцира и сведе на 4644 лица, што претставува 5% од вкупното население, односно

72,7% од вкупниот број на српското население. Во одреден број се застапени и во населените места од појасот во општината Скопје со вкупно 2925 лица што е 3,1% од вкупното население во 1971 година, односно 1498 лица во 1981 година т.е. 1,6% од населението во граничниот појас.

Во другите општини од граничниот појас, српското население е сосема симболично, така што во 1971 година нивниот број е под 400 лица и тоа, во Тетово 256 лица, Крива Паланка 96 и Гостивар **едно** лице, за да во 1981 година тој број опадна под 250 лица, во Тетово 172, во Крива Паланка 71, и Гостивар **едно** лице.

Слична е состојбата и со територијалната разместеност на ова население и во двата гранични појаса. Во граничниот појас од 0 до 5 км. во 1971 година се регистриран 3099 лица или 9,6%. Исто така Србите најповеќе ги има во Куманово, 2477 лица, а тоа значи дека се 7,6% од вкупниот број на жителите во појасот, или пак 79% од вкупниот број српското население (табела бр. 29). Во останатите општини состојбата е следна: Скопје 484, Крива Паланка 90 и Тетово 78 жители. Во 1981 година во истиот граничен појас продолжува трендот на намалување на српското население и истото изнесува 2183 лица или 7,9% од населението во појасот. По бројот на застапеноста на прво место пак е општината Куманово со 1894 лица или 6,9%, што претставува 86,7% од вкупното српско население. Натаму следува Скопје со 199 лица, Крива Паланка 64 и Тетово 26 лица.

Останатите националности се во сосема мал број застапени, а меѓу нив се Турците, Муслиманите, Ромите, Бугарите и категорија на Останатите.

Во 1971 година, Турците се застапени со 1811 лица или 1,94% од вкупното население во граничниот појас (табела бр. 28) за да тој број во 1981 година опадне и дојде до бројка од 769 лица или 0,82%.

Со сосема мал процент се застапени и Ромите и тоа во 1971 година со 229 лица, односно 0,24% од вкупното население во појасот, за да во 1981 година истото се покачи до бројка од 238 лица 0,25% (табела бр. 28).

Бугарите се застапени, исклучиво во населените места од граничниот појас на општината Крива Паланка, во сосема мал број, дури и сосема незначително и тоа во 1971 година со 60 лица (0,06%) и во 1981 година 26 лица (0,03%).

Во уште помал број од Бугарите се Муслиманите со 18 лица (0,02%), во 1971 година за да нивниот број во 1981 година малку нарасне и стигне до 275 лица или 0,30% од вкупното население во појасот.

Категоријата останати (Хрвати, Словенци, Чеси и др.) во 1971 година е застапена со 484 лица или 0,5%, а во 1981 година, тој број е зголемен на 651 лице или 0,7% од населението на граничниот појас на Р. Македонија према СР Југославија (табела бр. 28).

## Табела бр. 28.

### Население според национален состав од 1971 и 1981 година

| Народност | 1971 год. | | 1981 год. | | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| - | Број | Процент | Број | Процент | 1981/1971 год. |
| Вкупно | **93234** | **100** | **93137** | **100** | **99,9** |
| **Македонци** | 33724 | 36,17 | 27871 | 30,00 | 82,6 |
| **Албанци** | 48167 | 51,70 | 56923 | 61,11 | 118,2 |
| **Срби** | 8741 | 9,37 | 6386 | 6,85 | 73,1 |
| **Турци** | 1811 | 1,94 | 769 | 0,82 | 42,5 |
| **Роми** | 18 | 0,02 | 275 | 0,30 | 1528,0 |
| **Муслимани** | 229 | 0,24 | 238 | 0,25 | 104,0 |
| **Бугари** | 60 | 0,06 | 26 | 0,02 | 43,3 |
| **Останати** | 484 | 0,50 | 651 | 0,70 | 134,5 |

**Графички приказ на населението според национален состав во граничниот појас од 1971 и 1981 година**



## Табела бр. 29.

**Национален состав на населението во граничниот појас од 0 до 5 км. по општини**

| Попис 1971 | Народност | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Општина | Вкупно | Македонци | Албанци | Срби | Турци | Муслимани | Роми | Бугари | Останати |
| Гостивар | нема жители | | | | | | | | |
| Тетово | 5640 | 934 | 4593 | 78 | 28 | - | - | - | 7 |
| Скопје | 7877 | 1062 | 6081 | 484 | 174 | - | 51 | - | 25 |
| Куманово | 12503 | 3932 | 5932 | 2447 | 134 | 11 | - | - | 47 |
| Крива Паланка | 6137 | 5999 | - | 90 | - | - | - | 42 | 6 |
| - | **32157** | **11927** | **16606** | **3099** | **336** | **11** | **51** | **42** | **85** |
| Учество во % | **100,0** | **37,0** | **51,6** | **9,6** | **1,0** | **0,03** | **0,15** | **0,13** | **0,26** |

## Табела бр. 30.

**Национален состав на населението во граничниот појас од 0 до 5 км. по општини во 1981 година**

| Попис 1981 | Националност | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општина** | **Вкупно** | **Македонци** | **Албанци** | **Срби** | **Турци** | **Муслимани** | **Роми** | **Бугари** | **Останати** |
| **Гостивар** | **нема жители** | | | | | | | | |
| **Тетово** | 6063 | 1077 | 4939 | 26 | - | 4 | - | - | 17 |
| **Скопје** | 7249 | 841 | 6091 | 199 | 35 | 5 | - | - | 78 |
| **Куманово** | 10088 | 2107 | 5969 | 1894 | 17 | 24 | - | - | 77 |
| **Крива Паланка** | 3979 | 3893 | - | 64 | 2 | - | - | 12 | 8 |
| - | **27379** | **7918** | **16999** | **2183** | **54** | **33** | - | **12** | **180** |
| **Учество во %** | **100,0** | **29,0** | **62,0** | **7,9** | **0,19** | **0,12** | **0** | **0,04** | **0,65** |

## Табела бр. 31.

### Национален состав на населението во граничниот појас од 6 до 10 км. по општини во 1971 година

| Попис 1971 | Националност | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Општина | Вкупно | Македонци | Албанци | Срби | Турци | Муслимани | Роми | Бугари | Останати |
| Гостивар | 2815 | 155 | 2646 | 1 | 1 | - | - | - | 12 |
| Тетово | 26996 | 7881 | 18025 | 1781 | 630 | - | 142 | - | 140 |
| Скопје | 10127 | 3172 | 3864 | 2441 | 428 | - | 36 | - | 186 |
| Куманово | 18987 | 8449 | 7026 | 3016 | 416 | 7 | - | 12 | 61 |
| Крива Паланка | 2152 | 2140 | - | 6 | - | - | - | 6 | - |
| - | **61077** | **21797** | **31561** | **5642** | **1475** | **7** | **178** | **18** | **399** |
| Учество во % | **100,0** | **35,6** | **51,6** | **9,2** | **2,4** | **0,01** | **0,29** | **0,03** | **0,65** |

## Табела бр. 32.

**Национален состав на населението во граничниот појас од 6 до 10 км. по општини во 1981 година**

| Попис 1981 | Националност | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Општина | Вкупно | Македонци | Албанци | Срби | Турци | Муслимани | Роми | Бугари | Останати |
| Гостивар | 2760 | 104 | 2587 | 1 | - | 14 | - | - | 54 |
| Тетово | 31695 | 7995 | 22636 | 146 | 526 | 28 | 220 | 8 | 136 |
| Скопје | 12170 | 3919 | 6566 | 1299 | 80 | 99 | 18 | - | 189 |
| Куманово | 17762 | 6571 | 8135 | 2750 | 109 | 101 | - | 6 | 90 |
| Крива Паланка | 1371 | 1364 | - | 7 | - | - | - | - | - |
| - | **65758** | **19953** | **39924** | **4203** | **715** | **242** | **238** | **14** | **469** |
| Учество во % | **100,0** | **30,3** | **60,7** | **6,4** | **1,08** | **0,36** | **0,36** | **0,02** | **0,71** |

## Табела бр. 33.

**Национален состав на населението во граничниот појас од 0 до 10 км. по општини во 1971 година**

| Попис 1971 | Националност | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општина** | **Вкупно** | **Македонци** | **Албанци** | **Срби** | **Турци** | **Муслимани** | **Роми** | **Бугари** | **Останати** |
| **Гостивар** | 2815 | 155 | 2646 | 1 | 1 | - | - | - | 12 |
| **Тетово** | 32636 | 8815 | 22618 | 256 | 658 | - | 142 | - | 147 |
| **Скопје** | 18004 | 4234 | 9945 | 2925 | 602 | - | 87 | - | 211 |
| **Куманово** | 31490 | 12381 | 12958 | 5463 | 550 | 18 | - | 12 | 108 |
| **Крива Паланка** | 8289 | 8139 | - | 96 | - | - | - | 48 | 6 |
| - | **93234** | **33724** | **48167** | **8741** | **1811** | **18** | **229** | **60** | **484** |
| **Учество во %** | **100,0** | **36,1** | **51,6** | **9,3** | **1,9** | **0,02** | **0,24** | **0,06** | **0,52** |

## Табела бр. 34.

**Национален состав на населението во граничниот појас од 0 до 10 км. по општини во 1981 година**

| Попис 1981 | Националност | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Општина | Вкупно | Македонци | Албанци | Срби | Турци | Муслимани | Роми | Бугари | Останати |
| Гостивар | 276 | 104 | 2587 | 1 | - | 14 | - | - | 54 |
| Тетово | 37758 | 9072 | 27575 | 172 | 526 | 32 | 220 | 8 | 153 |
| Скопје | 19419 | 4760 | 12657 | 1498 | 115 | 104 | 18 | - | 267 |
| Куманово | 27850 | 8678 | 14104 | 4644 | 126 | 125 | - | 6 | 167 |
| Крива Паланка | 5350 | 5257 | - | 71 | - | - | - | 12 | 10 |
| - | **93137** | **27871** | **56923** | **6386** | **76** | **275** | **238** | **26** | **651** |
| **Учество во %** | **100,0** | **30,0** | **61,1** | **6,8** | **0,8** | **0,3** | **0,25** | **0,02** | **0,7** |

## II.6. Староснатa структура на населението во граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија

Староснатa структура на населението претставува мошне важен демографски елемент од кој реално може да се согледа состојбата меѓу активното и издржуваното население, можностите за репродукција на населението, односно за природниот прираст, дали демографската маса старее или се подмладува и сл.

Според статистичките податоци дадени во табелата бр. 35 и 35а. се гледа дека низ пописните години, со сосема различна динамика се движел бројот на населението во, и меѓу старосни групи, но сепак во тој однос, најбрзо темпо на пораст имала возрасната или старата група.

**Табела бр. 35.**

**Односот на старосните групи по години во граничниот појас на Р. Македонија**

| Старосни групи | 1961 година | 1971 година | 1981 година |
|---|---|---|---|
| 0 - 19 години | 102938 | 103772 | 95854 |
| 20 - 64 години | 100334 | 103963 | 110079 |
| 64 и повеќе | 12216 | 13333 | 16613 |

Статистички преглед :10/70:17/71:29/72 и 126/82, РЗС на СРМ
Статистички годишник на СРМ/7, РСЗ/1972

**Табела бр. 35а.**

## Односот на старосните групи по години во граничниот појас на Р. Македонија према СР Југославија

| Старосни групи | 1961 година | 1971 година | 1981 година |
|---|---|---|---|
| 0 - 19 години | 42844 | 44881 | 42150 |
| 20 - 64 години | 41349 | 42670 | 44107 |
| 64 и повеќе | 5288 | 5683 | 6880 |

Статистички преглед :10/70;17/71;29/72 и 126/82, РЗС на СРМ
Статистички годишник на СРМ/7, РСЗ/1972

Според Статистичките податоци од табелата бр.35, во периодот од 1961 до 1971 година, во граничниот појас на Република Македонија, младата староснa група од 0 до 19 години, бележи минимално покачување од 0,8%, нешто поголемо зголемување се бележи во средната, т.е. зрелата група од 3,6%, а најголемо зголемување е регистрирано во возрасната, односно стара група за 9,1%,што значи дека, најголем пораст покажува старата група од 64 и повеќе години.

Сличен однос на старосните групи се регистрира и во наредниот меѓуписен период од 1971 до 1981 година, кога старосната група од 0 до 19 години бележи намалување за 7,6%, додека кај другите две групи се регистрира соодветно зголемување, така што старосната група од 20 до 64 години се зголемила за 5,9%, а старосната група од 64 и повеќе години дури за 24,6%.

Анализата на презентираните податоци покажува на фактот дека населението во граничниот појас на Република Македонија покажува тенденција на стареење во тој простор на Републиката.

Сосема идентичен однос на старосните групи бележиме и во граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија, така да од прикажаните податоци во табелата 35а може да се констатира дека во меѓуписниот период 1961 - 1971 младата

старосна група, од 0 до 19 години покажува пораст за 4,7%, зрелата или средната група за 3,2%, а возрасната група за 7,5%. Според тоа, најголем пораст покажува возрасната, односно старата група, од 64 и повеќе години.

Тој пораст е забележителен и помеѓу двата пописа (1971 - 1981 година) кога значително се зголемила возрасната старосна група, така што сите овие односи и промени покажуваат дека населението во граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија покажува извесно стареење.

Всушност во периодот од 1971 до 1981 година, младата група од 0 до 19 година покажува намалување за 6,1%, зрелата група од 20 - 64 години покажува пораст за 3,4%, а возрасната група од 64 и повеќе години покажува пораст дури за 21% (Табела бр. 35а).

Општо земено споредувајќи ги пописните периоди од 1961 до 1981 година, младата група од 0 до 19 години, бележи намалување за 1,6%, зрелата група од 20 до 64 години, покажува пораст за 6,7%, а возрасната група од 64 и повеќе години, бележи пораст дури за 30,1% (табела бр. 35а).

Во врска со старосната структура мошне интересни состојби и промени покажуваат општините, што впрочем се гледа од табелите бр. 33, 34 и 35.

Од бројните показатели во трите старосни групи 0 - 19, 20 - 64 и 64 и повеќе, можат да се согледаат и одредени промени во старосната структура на населението по општини, кои гравитираат во грничниот појас на Р. Македонија према СР Југославија.

Промените во старосните групи по општините, се мошне значајни од причина што истите укажуваат на сегашните, истовремено и на идните проблеми во врска со демографскиот елемент.

Всушност, во некои од општините, опаѓа бројот на населението во младата старосна група, а во другите се покачува, во едни општини расте бројот на лицата од зрелата старосна група, а во некои опаѓа, додека скоро во сите општини со исклучок на Крива Паланка порасиат е бројот на лицата од најстарата возрасна група. Во периодот од 1961 до 1981 година, зголемен е бројот на лицата во младата старосна група од 0 до 19 години.

Значи, во едни општини се намалува потенцијалот на идно зголемување на зрелата, односно активната возрасна група, односно во нив се јавува или опаѓање на природниот прираст или иселување на помлади лица. Во оваа смисла се истакнуваат општините Куманово (-26,5%) и посебно Крива Паланка (-56,3%). Најголем пораст на лица во оваа група покажува општината Гостивар (104%), потоа општината Тетово (36,4%) и општината Скопје (6,9%), табела бр. 36 и 38.

Во возрасната група од 20 до 64 година негативно салдо покажаа три општини, како последица што произлезе од смалениот број на лица од младата возрасна група, која неможе во одредена мера да учествува во зголемувањето на бројот на лицата во оваа возрасна група, како и од емиграцијата на активната работна сила од тие општини.

Таквите општини со негативно салдо на населението во старосната група 20 - 64 год. се: општината Крива Паланка (-35,8%), општината Гостивар (-20,9%) и општината Куманово (-8,3%). Од друга страна има и две општини во кои се бележи извесно зголемување на населението во зрелата возрасна група како што се општината Скопје со 6,2% и општината Тетово со значителен пораст од 42%.

Што се однесува до најстарата возрасна група од 64 и повеќе години од прикажаните статистички податоци во табелите бр. 36 и 38, јасно може да се види дека во три општини населението во таа група се зголемило и тоа: Тетово (63,3%), Куманово (29,3%) и Крива Паланка (19,9%). За разлака од нив во општините Гостивар (-62,3%) и Скопје (-3,7%) населението од оваа старосна група бележи намалување како резултат на зголемен прираст на малата и средната група.

Ваквата состојба на движењето на населението меѓу старосните групи од 0 - 19, 20 - 64 и 64 и повеќе години, со сосема идентичен однос се сретнува и во граничните појаси од 0 до 5 км. и од 6 до 10 км. што јасно може да се види и утврди од табелите бр. 39 и 40.

**Графички приказ на односот на старосните групи во граничниот појас на Р. Македонија 1000**



**Графички приказ на односот на староснитe групи во граничниот појас на Р. Македонија према СР Југославија**



**Табела бр. 36.**

**Односот на старосните групи по општини во граничниот појас на Р. Македонија према СР Југославија, во 1961 год.**

| Општина | Вкупно | 0 - 19 год. | 20 - 64 год. | 64 и повеќе |
|---|---|---|---|---|
| Гостивар | 2481 | 765 | 1339 | 377 |
| Тетово | 26877 | 12908 | 12542 | 1427 |
| Скопје | 18036 | 8700 | 8273 | 1063 |
| Куманово | 32729 | 15839 | 14990 | 1900 |
| Крива Паланка | 9358 | 4632 | 4205 | 521 |

**Табела бр. 36а.**

**Односот на старосните групи по општини во граничниот појас од 0 до 5 км., во 1961 год.**

| Општина | Вкупно | 0 - 19 год. | 20 - 64 год. | 64 и повеќе |
|---|---|---|---|---|
| Гостивар | нема жители | | | |
| Тетово | 4606 | 2379 | 1961 | 266 |
| Скопје | 8352 | 4378 | 3565 | 409 |
| Куманово | 13554 | 6609 | 6201 | 744 |
| Крива Паланка | 6717 | 3339 | 3005 | 373 |

Табела бр. 36б.

**Односот на старосните групи по општини во граничниот појас од 6 до 10 км., во 1961 год.**

| Општина | Вкупно | 0 - 19 год. | 20 - 64 год. | 64 и повеќе |
|---|---|---|---|---|
| Гостивар | 2481 | 765 | 1339 | 377 |
| Тетово | 22271 | 10529 | 10581 | 1161 |
| Скопје | 9684 | 4322 | 4708 | 654 |
| Куманово | 19175 | 9230 | 8789 | 1156 |
| Крива Паланка | 2641 | 1293 | 1200 | 148 |

Табела бр. 37.

**Односот на старосните групи по општини во граничниот појас на Р. Македонија према СР Југославија, во 1971 год.**

| Општина | Вкупно | 0 - 19 год. | 20 - 64 год. | 64 и повеќе |
|---|---|---|---|---|
| Гостивар | 2815 | 1510 | 1171 | 134 |
| Тетово | 32636 | 16060 | 14799 | 1777 |
| Скопје | 18004 | 8895 | 7982 | 1127 |
| Куманово | 31490 | 14520 | 14893 | 2077 |
| Крива Паланка | 8289 | 3896 | 3825 | 568 |

**Табела бр. 37а.**

**Односот на старосните групи по општини во граничниот појас од 0 до 5 км., во 1971 год.**

| Општина | Вкупно | 0 - 19 год. | 20 - 64 год. | 64 и повеќе |
|---|---|---|---|---|
| Гостивар | нема жители | | | |
| Тетово | 5640 | 3027 | 2342 | 271 |
| Скопје | 7877 | 4355 | 3106 | 616 |
| Куманово | 12503 | 5890 | 5802 | 811 |
| Крива Паланка | 6137 | 2890 | 2837 | 410 |

**Табела бр. 37б.**

**Односот на старосните групи по општини во граничниот појас од 6 до 10 км., во 1971 год.**

| Општина | Вкупно | 0 - 19 год. | 20 - 64 год. | 64 и повеќе |
|---|---|---|---|---|
| Гостивар | 2815 | 1510 | 1171 | 134 |
| Тетово | 26996 | 13033 | 12457 | 1506 |
| Скопје | 10127 | 4540 | 4876 | 711 |
| Куманово | 18987 | 8630 | 9091 | 1266 |
| Крива Паланка | 2152 | 1006 | 988 | 158 |

Табела бр. 38.

**Односот на старосните групи по општини во граничниот појас на Р. Македонија према СР Југославија, во 1981 год.**

| Општина | Вкупно | 0 - 19 год. | 20 - 64 год. | 64 и повеќе |
|---|---|---|---|---|
| Гостивар | 2760 | 1559 | 1059 | 142 |
| Тетово | 37358 | 17614 | 17813 | 2331 |
| Скопје | 19419 | 9309 | 8786 | 1024 |
| Куманово | 27850 | 11643 | 13749 | 2458 |
| Крива Паланка | 5350 | 2025 | 3700 | 625 |

Табела бр. 38а.

**Односот на старосните групи по општини во граничниот појас од 0 до 5 км., во 1981 год.**

| Општина | Вкупно | 0 - 19 год. | 20 - 64 год. | 64 и повеќе |
|---|---|---|---|---|
| Гостивар | нема жители | | | |
| Тетово | 6063 | 3220 | 2530 | 313 |
| Скопје | 7249 | 3878 | 2967 | 404 |
| Куманово | 10088 | 4329 | 4840 | 919 |
| Крива Паланка | 3979 | 1521 | 2008 | 450 |

**Табела бр. 39.**

**Односот на старосните групи по години во граничниот појас на Р. Македонија од 0 до 5 км.**

| Старосни групи | 1961 година | 1971 година | 1981 година |
|---|---|---|---|
| 0 - 19 години | 45146 | 43406 | 35984 |
| 20 - 64 години | 42230 | 42472 | 41272 |
| 64 и повеќе | 5068 | 54963 | 6659 |

**Табела бр. 39а.**

**Односот на старосните групи по години во граничниот појас према СРЈ од 0 до 5 км.**

| Старосни групи | 1961 година | 1971 година | 1981 година |
|---|---|---|---|
| 0 - 19 години | 16705 | 16162 | 12948 |
| 20 - 64 години | 14732 | 14087 | 12345 |
| 64 и повеќе | 1792 | 1908 | 2086 |

**Графички приказ на односот на старосните групи во граничниот појас на РМ од 0 до 5 км.**



**Графички приказ на односот на староснитe групи во граничниот појас према СРЈ од 0 до 5 км.**

**1000**



**Табела бр. 40.**

**Односот на старосните групи по години во граничниот појас на Р. Македонија од 6 до10 км.**

| Старосни групи | 1961 година | 1971 година | 1981 година |
|---|---|---|---|
| 0 - 19 години | 57792 | 60366 | 59870 |
| 20 - 64 години | 58104 | 61491 | 68807 |
| 64 и повеќе | 7148 | 7840 | 9954 |

**Табела бр. 40а.**

**Односот на старосните групи по години во граничниот појас према СРЈ од 6 до 10 км.**

| Старосни групи | 1961 година | 1971 година | 1981 година |
|---|---|---|---|
| 0 - 19 години | 26139 | 28719 | 29202 |
| 20 - 64 години | 26617 | 28583 | 31762 |
| 64 и повеќе | 3496 | 3775 | 4794 |

**Графички приказ на односот на старосните групи во граничниот појас на РМ од 6 до 10 км.**
**1000**



**Графички приказ на односот на старосните групи во граничниот појас према СРЈ од 6 до 10 км.**

**1000**



## II.7. Процесот на стареење на населението во граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија

Процесот на стареењето на населението, разгледуван од демографски аспект, претставува процес кој се разликува од биогенетскиот поим за стареење. Таквиот процес започнува со настанувањето на промените во самите компоненти на природниот прираст и тоа: наталитетот и морталитетот, миграционите движења, потоа просечната старост на населението и друго.

Основните параметри од кои се поаѓа во анализата и оценката на тој процес се: индексот на стареење на населението, процентот на стари, учеството на младата генерација во вкупната популација и други показатели.

**Табела бр. 41.**

**Движење на основните индикатори на стареењето на населението во граничниот појас од 0 до 10 км. на Р. Македонија во 1981 година**

| Година | Население до 20 г. Вкупно | % | Население од 65 и повеќе г. | Индекс на стареење | Процент на старо население |
|---|---|---|---|---|---|
| 1961 | 102938 | 47,8 | 12216 | 0,12 | 5,7 |
| 1971 | 103772 | 47,0 | 13333 | 0,13 | 6,0 |
| 1981 | 95854 | 43,1 | 16613 | 0,17 | 7,5 |

* Извор:

Пресметано според авторот

**Табела бр. 41а**

**Движење на основните индикатори на стареењето на населението во граничниот појас од 0 до 10 км. на Р. Македонија према СРЈ**

| Година | Население до 20 г. Вкупно | % | Население од 65 и повеќе г. | Индекс на стареење | Процент на старо население |
|---|---|---|---|---|---|
| 1961 | 42844 | 47,9 | 5288 | 0,12 | 5,9 |
| 1971 | 44881 | 48,1 | 5683 | 0,13 | 6,1 |
| 1981 | 42150 | 45,2 | 6880 | 0,16 | 7,3 |

* Извор:

Пресметано според авторот

Индексот на стареење на населението го покажува односот помеѓу населението од 65 и повеќе години према старосните групи од 0 до 20 години. Критичната вредност на индексот на стареење изнесува **0,40**. Процентот на стари го покажува учеството на населението од 65 и повеќе години во вкупната популација.

Ако учеството на старото население е поголемо од **12%**, а процентот на младите до 20 години е помал од **35%** се смета дека населението брзо старее.

Од статистичките податоци приложени во табелата бр. 41 може да се констатира дека, во периодот од 1961 до 1981 година незначително се намалува бројот на младите генерации и со исто такво темпо се зголемува старото население. Тоа укажува на фактот дека во граничен појас на Република Македонија, како и во граничниот појас према СРЈ, сеуште не станува збор за некој поизразит процес на сенилизација на населението.

Поради тоа што индексот на стареењето од 0,17, односно 0,16 во 1981 година е доста далеку од критичната вредност (0,40), а учеството на младото население е значително поголемо од 35% (табела бр. 41 и 41а), може да се каже дека граничниот појас располага со витално население, кое е далеку од критичната старосна граница, па човечкиот фактор нема во догледно време да биде ограничувачки услов за успешно организирање и водење на одбранбена војна. Оваа констатација се однесува само кога е во прашање споредбата на младото и старото население во однос на севкупното население во граничниот појас.

Меѓутоа, ако се направи споредба на дивергентните движења на старосните групи, не според вкупното население во граничниот појас према СРЈ, туку според вкупното население во одделни населени места од овој граничен појас во одделни општини од граничниот појас, може да се констатира дека, според вредностите на индексот на стареење, т.е. според процентот на старите лица, сенилизацијата е особено акутна во подрачјето на општината Крива Паланка, каде се јавува индекс на стареење од **0,30**, што е сосема блиску до **0,40**, а процентот од **11,7%** се доближува до критичната вредност од **12%**. Од друга страна, другите општини (Гостивар, Тетово, Скопје и Куманово) имаат изразено висок процент на младо население до 20 години, блиску или над **50%**, што ќе има последици за побрз натамошен демографски развој (табела бр. 43). Покрај ова, во овие населби постојат погодни услови за развој на земјоделието, развиена инфраструктура и поврзаност со поголемите центри, па и високиот природен прираст, придонесуваат да во овие подрачја се концентрира поголема маса на население.

## Табела бр. 42.

### Движење на основните индикатори на стареење на населението во граничниот појас на Р. Македонија према СР Југославија

- по општини -

| Општина | Година | Број на жители во општината | Население до 20 години Вкупно | % | Население од 65 и повеќе год. | Индекс на стареење | Процент на старо население |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Гостивар | 1961 | 89481 | 765 | 0,85 | 377 | 0,50 | 0,42 |
| | 1971 | 93234 | 1510 | 1,6 | 134 | 0,09 | 0,14 |
| | 1981 | 93137 | 1559 | 1,7 | 142 | 0,09 | 0,15 |
| Тетово | 1961 | 89481 | 12908 | 14,4 | 1427 | 0,11 | 1,6 |
| | 1971 | 93234 | 16060 | 17,2 | 1777 | 0,11 | 1,9 |
| | 1981 | 93137 | 17614 | 18,9 | 2331 | 0,13 | 2,5 |
| Скопје | 1961 | 89481 | 8700 | 9,7 | 1063 | 0,12 | 1,2 |
| | 1971 | 93234 | 8895 | 9,5 | 1127 | 0,13 | 1,2 |
| | 1981 | 93137 | 9309 | 10,0 | 1324 | 0,14 | 1,4 |
| Куманово | 1961 | 89481 | 15893 | 17,7 | 1900 | 0,12 | 2,1 |
| | 1971 | 93234 | 14520 | 15,5 | 2070 | 0,14 | 2,2 |
| | 1981 | 93137 | 11643 | 12,5 | 2458 | 0,21 | 2,6 |
| Крива Паланка | 1961 | 89481 | 4632 | 5,2 | 521 | 0,11 | 0,6 |
| | 1971 | 93234 | 3896 | 4,2 | 568 | 0,14 | 0,6 |
| | 1981 | 93137 | 2025 | 2,2 | 625 | 0,30 | 0,7 |

**Графички приказ на индексот на стареење на населението во граничниот појас на Р. Македонија према СР Југославија во 1981 година**

**- по општини -**



# Табела бр. 43.

## Движење на основните индикатори на стареење на населението
- по општини -

| Општина | Година | Број на жители во појасот по општина | Население до 20 години Вкупно | % | Население од 65 и повеќе год. | Индекс на стареење | Процент на старо население |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Гостивар | 1961 | 2481 | 765 | 30,8 | 377 | 0,50 | 15,2 |
| | 1971 | 2815 | 1510 | 53,6 | 134 | 0,09 | 4,7 |
| | 1981 | 2760 | 1559 | 56,5 | 142 | 0,09 | 5,1 |
| Тетово | 1961 | 26877 | 12908 | 48 | 1427 | 0,11 | 5,3 |
| | 1971 | 32636 | 16060 | 49,2 | 1777 | 0,11 | 5,4 |
| | 1981 | 37758 | 17614 | 46,6 | 2331 | 0,13 | 6,2 |
| Скопје | 1961 | 18036 | 8700 | 48,2 | 1063 | 0,12 | 5,9 |
| | 1971 | 18004 | 8895 | 49,4 | 1127 | 0,13 | 6,2 |
| | 1981 | 19419 | 9309 | 48 | 1324 | 0,14 | 4,8 |
| Куманово | 1961 | 32729 | 15983 | 48,5 | 1900 | 0,12 | 5,8 |
| | 1971 | 31490 | 14520 | 46,1 | 2070 | 0,14 | 6,6 |
| | 1981 | 27850 | 11643 | 41,8 | 2458 | 0,21 | 8,8 |
| Крива Паланка | 1961 | 9358 | 4632 | 49,5 | 521 | 0,11 | 5,5 |
| | 1971 | 8289 | 3896 | 47 | 568 | 0,14 | 6,8 |
| | 1981 | 5350 | 2025 | 37,8 | 625 | 0,30 | 11,7 |

## II.7.1. Процесот на стареење на населението во граничниот појас од 0 - 5 км. према СР Југославија

За процесот на стареењето на населението во граничниот појас од 0 до 5 км., може да се каже дека е идентичен со процесот на стареење на целокупното население во граничниот појас.

Од статистичките податоци приложени во табелата бр. 44 и 44а, јасно може да се забележи дека ви 1981 година доаѓа до релативно опаѓање на младата популација, а од друга страна се зголемува населението од 65 и повеќе години. Индексот на стареење од 0,16 во 1981 година е еднаков со индексот на стареење на целокупното население во граничниот појас према СРЈ, а испод индексот на стареење на граничниот појас на РМ од 0 до 5 км. Покрај тоа и процентот на старо население е идентичен и изнесува 7,6%, а процентот на млади изнесува 47,3% што исто така е приближно ист со процентот на младите на целокупното население во граничниот појас. Од изнесеното се доаѓа до констатација дека и процентот на старите и процентот на младото население сеуште се далеку од критичните вредности од 12% и 35% (Табела бр. 44а).

Од напред изнесеното, во врска со движењето на основните индикатори на стареењето на населението во граничниот појас од 0 до 5 км., може да се заклучи дека важи истата констатација како и за движењето на основните индикатори на стареење на целокупното население во граничниот појас на Р. Македонија према СР Југославија, што значи дека, не станува збор за некој изразен процес на сенилизација на населението во граничниот појас од 0 до 5 км.

Меѓутоа, доколку се направи анализа на движењето на основните индикатори на стареење според населението, внатре во самите општини кои гравитираат во граничниот појас, ќе се види дека постои одредена воедначеност на индикаторите на стареењето меѓу општините само во 1961 и 1971 година, каде индексот на стареење е под 0,16, а процентот на старото население е доста далеку од критичните 12%, додека во 1981 година во Куманово, а пред се во Крива Паланка, состојбите се алармантни, од причина што процентот на старото население е сосема блиску до критичните 12%, а индексот на стареењето е доста висок со тенденција на постојан пораст, што укажува на фактот дека станува збор за изразен процес на сенилизација (Табела бр. 45).

**Табела бр. 44.**

**Движење на основните индикатори на староењето на населението во граничниот појас од 0 до 5 км. на Р. Македонија**

| Година | Број на жители 0 - 5 км. | Население до 20 г. | | Население од 65 и повеќе г. | Индекс на староење |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | % | | |
| **1961** | 92444 | 45146 | 48,8 | 5068 | 0,11 |
| **1971** | 91371 | 43406 | 47,5 | 5493 | 0,13 |
| **1981** | 83915 | 35984 | 42,9 | 6659 | 0,18 |

* Извор:
Пресметано според авторот

## Табела бр 44а.

### Движење на основните индикатори на стареењето на населението во граничниот појас према СР Југославија од 0 до 5 км

| Појас | Година | Вкупен број жители во појасот | Број на жители во појас 0-5 км. | Население до 20 години | % | | Население над 65 и повеќе години | Индекс на стареење | % на стари | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 - 5 км | 1961 | 89481 | 33229 | 16705 | 18,7 | 50,2 | 1792 | 0,10 | 2,0 | 5,4 |
| 0 - 5 км | 1971 | 93234 | 32157 | 16162 | 17,3 | 50,2 | 1908 | 0,13 | 2,0 | 5,9 |
| 0 - 5 км | 1981 | 93137 | 27379 | 12948 | 13,9 | 47,3 | 2086 | 0,16 | 2,2 | 7,6 |

**Табела бр. 45.**

**Движење на основните индикатори на стареење на населението во граничниот појас од 0 до 5 км**

| Општина | Година | Број на жители во појас 0-5 км. | Број на жители во населени места | Население до 20 години | % | | Население над 65 и повеќе години | Индекс на стареење | % на стари | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Гостивар | Нема население | | | | | | | | | |
| Тетово | 1961 | 33229 | 4606 | 2379 | 7,1 | 51 | 266 | 0,11 | 0,8 | 5,8 |
| | 1971 | 32157 | 5640 | 3027 | 9,4 | 53,6 | 271 | 0,09 | 0,8 | 4,8 |
| | 1981 | 27379 | 6063 | 3220 | 11,7 | 53,1 | 313 | 0,09 | 1,1 | 5,1 |
| Скопје | 1961 | | 8352 | 4378 | 13,1 | 52,3 | 409 | 0,09 | 1,2 | 4,9 |
| | 1971 | - | 7877 | 4355 | 13,5 | 55,3 | 416 | 0,09 | 1,3 | 5,3 |
| | 1981 | | 7249 | 3878 | 14,1 | 53,5 | 404 | 0,09 | 1,5 | 5,6 |
| Куманово | 1961 | | 13554 | 6609 | 19,9 | 48,7 | 744 | 0,11 | 2,2 | 5,5 |
| | 1971 | - | 12503 | 5890 | 18,3 | 47,1 | 811 | 0,14 | 2,5 | 6,5 |
| | 1981 | | 10088 | 4329 | 15,8 | 43 | 919 | 0,21 | 3,3 | 9,1 |
| Крива Паланка | 1961 | | 6717 | 3339 | 10,0 | 49,7 | 373 | 0,11 | 1,1 | 5,5 |
| | 1971 | - | 6137 | 2890 | 9,0 | 47,1 | 410 | 0,14 | 1,3 | 6,7 |
| | 1981 | | 3979 | 1521 | 5,5 | 38,2 | 450 | 0,29 | 1,6 | 11,3 |

**Графички приказ на индексот на стареење на населението во граничниот појас од 0 до 5 км. во 1981 година**

**- по општини -**



### II.7.2. Процесот на стареење населението во граничниот појас од 6 - 10 км. према СР Југославија

Од изнесените податоци за движењето на старосните групи на населението во граничниот појас од 6 до 10 км, произлегува заклучокот дека состојбата во споредба со граничниот појас од 0 до 5 км., како и воопшто во споредба со целиот граничен појас према СРЈ и севкупниот граничен појас на РМ е сосема идентична, што значи дека индексот на стареењето 0,16 во целост се поклопува со индексот на стареењето во наведените гранични појаси. Истата констатација важи и за процентот на старо население, каде процентот од 7,3% е идентичен со процентот на старото население на целиот граничен појас, а тоа значи дека сѐ уште не е отпочнал изразен процес на сенилизација на населението во граничниот појас од 6 до 10 км. (Табела бр. 46 и 46а).

Значајно е да се потенцира дека и во граничниот појас од 6 до 10 км., исто така, постои нерамномерност во движењето на основните индикатори на стареењето на населението карактеристично за одделни општини (Табела бр. 46).

Најакутен е процесот на сенилизација во населените места на граничниот појас од 6 до 10 км., е во општина Куманово со индекс на стареење од 0,21 а посебно општина Крива Паланка, каде индексот на стареење од 0,35 сосема се доближува до критичната вредност од 0,40. Ваквиот заклучок, кој впрочем се однесува и за граничниот појас од 0 до 5 км. и воопшто за целиот граничен појас, може да се донесе и за состојбите во врска со процентот на старото население. Конкретно, процентот на старото население е поизразен во општината Куманово, 8,6%, и се доближува до критичните 12%, додека во општината Крива Паланка критичниот процент е надминат и истиот изнесува 12,7%, па поради релативно слабата населеност на населените места, постои тенденција, во иднина, сосема да се испразнат, со што уште повеќе би се усложнила состојбата со покриеноста на границата во тие делови со демографските потенцијали (месно население). (Табела бр.46б)

**Табела бр. 46.**

## Движење на основните индикатори на стареењето на населението во граничниот појас од 6 до 10 км. на Р. Македонија

| Година | Број на жители 6 - 10 км. | Население до 20 г. Вкупно | % | Население од 65 и повеќе г. | Индекс на стареење |
|---|---|---|---|---|---|
| **1961** | 123044 | 57792 | 47,0 | 7148 | 0,12 |
| **1971** | 129697 | 60366 | 46,5 | 7840 | 0,13 |
| **1981** | 138631 | 59870 | 43,2 | 9954 | 0.17 |

* Извор:
Пресметано според авторот

### Табела бр. 46а.

**Движење на основните индикатори на стареење на населението во граничниот појас од 6 до10 км**

| Појас | Година | Вкупен број жители | Број на жители во појас 6-10км. | Население до 20 години | % | | Население над 65 и повеќе години | Индекс на стареење | % на стари | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6-10 км | 1961 | 89481 | 56252 | 26139 | 29,2 | 46,4 | 3496 | 0,13 | 3,9 | 6,2 |
| 6-10км | 1971 | 93234 | 61077 | 28719 | 30,8 | 47 | 3775 | 0,13 | 4,0 | 6,2 |
| 6-10км | 1981 | 93137 | 65758 | 29202 | 31,3 | 44,4 | 4794 | 0,16 | 5,1 | 7,3 |

## Табела бр. 46б.

**Движење на основните индикатори на стареење на населението во граничниот појас од 6 до 10 км.**
**-по општини-**

| Општина | Година | Број на жители во појасот 6-10км | Број на жители по нас. места | Население до 20 г. вкупно | % | | Население од 65 и повеќе г. | Индекс на стареење | % | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Гостивар | 1961 | 56252 | 2481 | 765 | 1,4 | 30,8 | 377 | 0,50 | 0,67 | 15,2 |
| | 1971 | 61077 | 2815 | 1510 | 2,5 | 53,6 | 134 | 0,09 | 0,22 | 4,7 |
| | 1981 | 65758 | 2760 | 1559 | 2,4 | 56,5 | 142 | 0,09 | 0,21 | 5,1 |
| Тетово | 1961 | - | 22271 | 10529 | 18,7 | 47,2 | 1161 | 0,11 | 2,0 | 5,2 |
| | 1971 | | 26996 | 13033 | 21,3 | 48,3 | 1506 | 0,11 | 2,5 | 5,6 |
| | 1981 | | 31695 | 14394 | 21,9 | 45,4 | 2018 | 0,14 | 3,1 | 6,4 |
| Скопје | 1961 | - | 9684 | 4322 | 7,7 | 44,6 | 654 | 0,15 | 1,1 | 6,7 |
| | 1971 | | 10127 | 4540 | 7,4 | 44,8 | 711 | 0,16 | 1,1 | 7,0 |
| | 1981 | | 12170 | 5431 | 8,3 | 44,6 | 920 | 0,17 | 1,4 | 7,5 |
| Куманово | 1961 | - | 19175 | 9320 | 16,5 | 48,6 | 1156 | 0,12 | 2,0 | 6,0 |
| | 1971 | | 18987 | 8630 | 14,1 | 45,4 | 1266 | 0,14 | 2,0 | 6,6 |
| | 1981 | | 17762 | 7314 | 11,1 | 41,4 | 1539 | 0,21 | 2,3 | 8,6 |
| Кр. Паланка | 1961 | - | 2641 | 1293 | 2,3 | 49,0 | 148 | 0,11 | 0,26 | 5,6 |
| | 1971 | | 2152 | 1006 | 1,6 | 46,7 | 158 | 0,15 | 0,25 | 7,3 |
| | 1981 | | 1371 | 504 | 0,8 | 36,7 | 175 | 0,35 | 0,26 | 12,7 |

**Графички приказ на индексот на стареење на населението во граничниот појас од 6 до 10 км. во 1981 година**

**- по општини -**



## II.8. Домаќинства и бројот на членовите на домаќинствата во граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија

Анализата на демографската структура на домаќинствата е мошне важен показател за потенцијалните вредности на одредена популација, за нејзината репродукција, животниот стандард, а пред се за разни социо-економски појави и проблеми непосредно врзани за домаќинствата.

Бројот на домаќинствата во граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија, како што може да се види од презентираните податоци во табелата бр. 47, е во сосема мал пораст. Таквата состојба е појава која е врзана со порастот на вкупната популациска маса во граничниот појас.

Бројот на домаќинствата и индексите можат да се видат од следнава табела:

**Табела бр. 47.**

| Година | 1961 | 1971 | 1981 |
|---|---|---|---|
| Број на домаќинства | 13952 | 15218 | 16184 |
| | Индекси | | Разлика |
| Година | 1981<br>1961 | 1981<br>1971 | 1961 - 1981 |
| Индекси | 16,0 | 6,3 | +2232 |
| Вкупно домаќинства во Р. Македонија | | 155207 | 175094 |

Од податоците изнесени во предходната табела се гледа дека за период од 20 години, односно од 1961 - 1981 година, домаќинствата нараснале за 16,0% или за 2232 домаќинства.

Различен е односот на бројот на домаќинствата по општини, како што се различни и бројните промени. Бројот на домаќинствата во некои општини перманентно се зголемува, а во некои опаѓа.

Движењето на бројот на домаќинствата во периодот од 1961 до 1981 година може да се види од следнава табела :

**Табела бр. 48.**

| Општина | Број на домаќинства | | Разлика | Пораст |
|---|---|---|---|---|
| - | 1961 | 1981 | + | % |
| Гостивар | 398 | 357 | -41 | -10,3 |
| Тетово | 4353 | 5850 | 1497 | 34,4 |
| Скопје | 2730 | 3997 | 1267 | 46,4 |
| Куманово | 4995 | 4907 | -88 | -1,8 |
| Кр. Паланка | 1476 | 1073 | -403 | -27,3 |
| Вкупно : | 13952 | 16184 | 2232 | 16,0 |

Бројот на домаќинствата, во граничните појаси од 0 до 5 км. и од 6 до 10 км., посебно во граночниот појас од 6 до 10 км., се идентични со движењата на бројот на домаќинствата на целокупниот граничен појас и во истиот се забележува постојано зголемување на бројот на домаќинствата.

За разлика од граничниот појас од 6 до 10 км., во граничниот појас од 0 до 5 км доста интересно е движењето на бројот на домаќинствата во периодот од 1961 - 1981 година, така што во 1961 година имало 4831 домаќинство за да во 1971 година таа бројка се покачи на 5123 домаќинства и во 1981 година пак се намали на бројка од 4616, која е дури и помала од бројот од 1961 година (Табела бр. 48).

Движењето на бројот на домаќинствата во граничните појаси од 0 до 5 км. и од 6 до 10 км. за периодот 1961 - 1981 година може да се види од следнава табела:

## Табела бр. 49.

Граничен појас од 0 до 5 км

| Година | 1961 | 1971 | 1981 |
|---|---|---|---|
| Број на домаќинства | 4831 | 5123 | 4616 |
| 0 - 5 км. | Индекси | | Разлика |
| Година | 1981<br>1961 | 1981<br>1971 | 1961 - 1981 |
| Индекси | -4,5 | 9,9 | -215 |
| Граничен појас од 6 до 10 км. | | | |
| Број на домаќинства | 9121 | 10095 | 11568 |
| 6 - 10 км. | Индекси | | Разлика |
| Година | 1981<br>1961 | 1981<br>1971 | 1961 - 1981 |
| Индекси | 26,8 | 14,6 | +2447 |

## Табела бр. 50.

Граничен појас од 0 до 5 км.

| Општина | Број на домаќинства | | Разлика | Пораст |
|---|---|---|---|---|
| - | 1961 | 1981 | + | % |
| Гостивар | Нема жители | | | |
| Тетово | 702 | 867 | 165 | 23,5 |
| Скопје | 1099 | 1265 | 166 | 15,1 |
| Куманово | 1964 | 1687 | -277 | -14,1 |
| Кр. Паланка | 1066 | 794 | -272 | -25,5 |
| Вкупно | 4831 | 4616 | -215 | -4,4 |
| Граничен појас од 6 до 10 км | | | | |
| Гостивар | 398 | 357 | -41 | -10,3 |
| Тетово | 3651 | 4983 | 1332 | 36,5 |
| Скопје | 1631 | 2732 | 1101 | 67,5 |
| Куманово | 3031 | 3220 | 189 | 6,2 |
| Кр. Паланка | 410 | 276 | -134 | -32,7 |
| Вкупно | 9121 | 11568 | 2447 | 26,8 |

Според презентираните податоци од предходната табела, може да се донесе ист заклучок за движењето на бројот на домаќинствата по општините во граничните појаси од 0 до 5 км. и 6 до 10 км., кој беше предходно констатиран при анализата на движењето на бројот на домаќинствата на целиот појас.

### II.8.1. Структура на семејните домаќинства

Општествено - економскиот развој на Република Македонија, посебно брзата индустријализација, урбанизацијата и раздвиженоста на населението, имаа силен одраз и врз населението стационирано во граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија, а пред се врз руралното домаќинство. Сите тие промени имаа силен одраз врз континуираното намалување на бројот на членовите на домаќинствата и промените во старосната структура, во поодделни населени места од одредени општини во граничниот појас, а од друга страна во одделени населени места во појасот, пред се западните делови на границата, немаа значително влијание, така што бројот на членовите или се задржуваше на приближното ниво од предходните години, или незначително се зголемуваше. Што значи да во тие средини, наведените промени немаа големи импликации во формирањето на маргиналните старечки домаќинства.

Самиот процес на формирање на старечките домаќинства е тесно поврзан и со самиот процес на стареење на населението како последица на масовните раселувања на младите генерации. Од друга страна, старечките домаќинства претставуваат мошне тешка и сложена социо - економска појава, посебно во услови кога сенилизацијата на населението се одвива со мошне брзо темпо.

Старечките домаќинства како посебна социјална категорија во земјоделството и селото, званичната статистика не ги евидентира и прикажува, па затоа таквите податоци се извлекуват и анализираат од учеството на домаќинствата со еден и два члена во семејството.

Од статистичките податоци, (табела бр. 51) јасно може да се види дека поголем пораст покажуваат домаќинствата со повеќе членови во семејството, додека оние со помал број на членови покажуваат негативен биланс, што значи дека во граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија расте бројот на големите, по бројот на членовите, домаќинства а потоа бројот на малите, по број на членови, домаќинства, иако тој процент е доста низок од што може да се заклучи дека поинтензивен бил процесот на окрупнување на домаќинствата.

Анализирајќи ја динамиката на движењето на бројот на членовите на домаќинствата, во 1961 година, најголем е бројот на

домаќинствата со осум и повеќе членови на кои се паѓаат 27,9% од целокупниот број на домаќинства во граничниот појас, а најмал е бројот на домаќинствата со три члена на кои се паѓа 8,3%, кои релативно, како и домаќинствата со 1 и 2 члена, се значително застапени.

Ако, статистичките податоци изнесени во табелата бр. 51, посебно, се издвојат и групираат во три групи и тоа: мала група од 1 до 3 члена, средна група од 4 до 6 члена и најголема група по бројот на членовите 7, 8 и повеќе члена, јасно се види дека малата група има вкупно 2608 домаќинства или 18,7% во однос на сите домаќинства во 1961 година во граничниот појас. Во втората, средна по големина група, од 4 до 6 члена има 5696 домаќинства или 40,8% и третата, најголемата по број на членови, група има 5648 домаќинства или 40,5%.

Во 1981 година исто така, најголем е бројот на домаќинствата со 8 и повеќе членови, на кои им припаѓаат 26,9% од вкупниот број домаќинства, во граничниот појас во 1981 година, додека, најмал е бројот на домаќинствата со три члена или 8,6%.

Анализирајќи ги домаќинствата според бројот на членовите групирани во горе наведените три групи, ќе се види дека малата група има 3034 домаќинства, со 18,7% од целокупниот број домаќинства, втората група, односно средната група, брои 11524 домаќинства, или 71,2%, а во третата најголемиот група по бројот на членовите има 6213 домаќинства, или 38,4%.

Од изнесените податоци, може да се изведе заклучокот, дека домаќинствата во граничниот појас на Р. Македонија према СР Југославија, според бројот на членовите во домаќинствата, во периодот меѓу 1961 и 1981 година во двете групи, малата и најголемата, го задржале истото или приближно исто ниво, а за разлика од нив, средната група, во 1981 година, покажува значително учество, во однос на 1961 година. Изразено со бројчани индекси, тоа значи дека, малата група, во 1981 година останала на исто ниво со 18,7% како и во 1961 година. Најбројната по членови група бележи сосема незначителен тренд на опаѓање во споредба со 1961 година од 40,5% на 38,4%, додека кај средната група се бележи екстремно нараснување од 40,8% во 1961 година на 71,2% во 1981 година.

Генерална констатација за движењето на домаќинствата по бројот на членовите во граничниот појас, врз основа на компарираните податоци во периодот 1961 - 1981 година е дека вкупниот број на домаќинствата во 1981 година е зголемен за 16% во однос на 1961 година или 2232 нови значајни домаќинства.

Ако се направи и анализа на домаќинствата и нивните членови по граничните појаси 0 - 5 км. и 6 - 10 км. врз основа на статистичките податоци од табелите бр. 49 и 50, ќе се дојде до исти констатации и до исти заклучоци, кои напред беа изнесени, а се

однесуваа на целиот граничен појас. Исто така до таква констатација ќе се дојде и ако се направи анализа и компарација на податоците за домаќинствата по бројот на членовите кои се застапени поодделно по општини прикажани во наведените табели.

**Табела бр. 51.**

**Преглед на домаќинства со бројот на членовите во граничниот појас на Р. Македонија према СР Југославија**

| 1961 година | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Општина | Број на домаќинства со | | | | | | | Вкупен број на домаќинства |
| - | 1 - 2 чл. | 3 чл. | 4 чл. | 5 чл. | 6 чл. | 7 чл. | 8-повеќе | - |
| Гостивар | 109 | 45 | 31 | 49 | 55 | 36 | 73 | **398** |
| Тетово | 399 | 409 | 594 | 634 | 682 | 513 | 1122 | **4353** |
| Скопје | 362 | 210 | 282 | 351 | 412 | 317 | 796 | **2730** |
| Куманово | 436 | 384 | 544 | 707 | 801 | 678 | 1445 | **4996** |
| Крива Паланка | 146 | 108 | 147 | 196 | 211 | 215 | 453 | **1476** |
| **Вкупно** | **1452** | **1156** | **1598** | **1937** | **2161** | **1759** | **3889** | ***13952*** |
| **1981 година** | | | | | | | | |
| Гостивар | 18 | 22 | 14 | 32 | 42 | 46 | 183 | **357** |
| Тетово | 347 | 422 | 772 | 827 | 910 | 723 | 1849 | **5850** |
| Скопје | 345 | 277 | 630 | 552 | 590 | 477 | 1126 | **3997** |
| Куманово | 716 | 527 | 806 | 633 | 651 | 518 | 1056 | **4907** |
| Крива Паланка | 214 | 146 | 157 | 164 | 157 | 96 | 139 | **1073** |
| **Вкупно** | **1640** | **1394** | **2379** | **2208** | **2350** | **1860** | **4353** | ***16184*** |

**Табела бр. 52.**
**Преглед на домаќинства со бројот на членовите во граничниот појас од 0 до 5 км.**

| 1961 година | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Општина | Број на домаќинства со | | | | | | | Вкупен број на домаќинства |
| - | 1 - 2 чл. | 3 чл. | 4 чл. | 5 чл. | 6 чл. | 7 чл. | 8-повеќе | - |
| Гостивар | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Тетово | 61 | 65 | 71 | 82 | 125 | 80 | 218 | **702** |
| Скопје | 112 | 69 | 98 | 130 | 148 | 138 | 404 | **1099** |
| Куманово | 163 | 133 | 214 | 283 | 331 | 263 | 577 | **1964** |
| Крива Паланка | 102 | 83 | 105 | 135 | 165 | 154 | 322 | **1066** |
| **Вкупно** | **438** | **350** | **488** | **630** | **769** | **635** | **1521** | ***4831*** |
| 1981 година | | | | | | | | |
| Гостивар | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Тетово | 48 | 59 | 74 | 102 | 117 | 121 | 346 | **867** |
| Скопје | 98 | 80 | 198 | 161 | 169 | 152 | 407 | **1265** |
| Куманово | 256 | 167 | 228 | 193 | 208 | 186 | 449 | **1687** |
| Крива Паланка | 149 | 108 | 124 | 126 | 118 | 70 | 102 | **797** |
| **Вкупно** | **551** | **414** | **624** | **582** | **612** | **529** | **1304** | ***4616*** |

**Табела бр. 53.**

**Преглед на домаќинства со бројот на членовите во граничниот појас од 6 до 10 км.**

| 1961 година | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општина** | **Број на домаќинства со** | | | | | | | **Вкупен број на домаќинства** |
| - | **1 - 2 чл.** | **3 чл.** | **4 чл.** | **5 чл.** | **6 чл.** | **7 чл.** | **8-повеќе** | - |
| **Гостивар** | 109 | 45 | 31 | 49 | 55 | 36 | 73 | **398** |
| **Тетово** | 338 | 344 | 523 | 552 | 557 | 433 | 904 | **3651** |
| **Скопје** | 250 | 141 | 184 | 221 | 264 | 179 | 392 | **1631** |
| **Куманово** | 273 | 251 | 330 | 424 | 470 | 415 | 868 | **3031** |
| **Крива Паланка** | 44 | 25 | 42 | 61 | 46 | 61 | 131 | **410** |
| **Вкупно** | **1014** | **806** | **1110** | **1307** | **1392** | **1124** | **2368** | ***9121*** |
| **1981 година** | | | | | | | | |
| **Гостивар** | 18 | 22 | 14 | 32 | 42 | 46 | 183 | **357** |
| **Тетово** | 299 | 363 | 698 | 725 | 793 | 602 | 1503 | **4983** |
| **Скопје** | 247 | 197 | 432 | 391 | 421 | 325 | 719 | **2732** |
| **Куманово** | 460 | 360 | 578 | 449 | 443 | 332 | 607 | **3220** |
| **Крива Паланка** | 65 | 38 | 33 | 38 | 39 | 26 | 37 | **276** |
| **Вкупно** | **1089** | **980** | **1755** | **1626** | **1738** | **1331** | **3049** | ***11568*** |

## II.9. Миграциони движења

### II.9.1. Улогата на миграционата компонента во етнодемографските процеси во граничниот појас на Република Македонија према границата со СР Југославија

Миграционата компонента на промените во вкупниот број на населението, неговиот демографски пораст или намалување, територијалната редистрибуција во етничките хетерогени средини, има посебно значење и диференцијален карактер, кој е тесно врзан со општествените, економските, етничките, политичките и одбрамбените процеси.

Поради таквото значење на миграционата компонента, во ова истражување обработени се миграционите движења во одреден период за населените места кои гравитираат во граничниот појас до 10 км.

Со оглед на тоа, што податоците за миграциите на населението по населени места во Република Македонија, во РЗ за Статистика, постојат само за периодот од 1953 до 1961 година, како што напред е истакнато, со овој труд прикажано е миграционото салдо само за тој период.

Во периодот 1953 - 1961 година миграционото салдо на населението во граничниот појас кон СР Југославија изнесува -14791 лице, односно 7,4% од вкупното миграционо салдо на селското население во Република Македонија.

Миграционото салдо на населението од граничниот појас од 0 до 5 км. изнесуваше -8170 лица, односно 55,2%, додека миграционото салдо на населението од граничниот појас од 6 до 10 км. изнесуваше -6621 лица или 44,8% од вкупното миграционо салдо во граничниот појас. (Прилог бр. 3)

Од ова може да се заклучи дека силниот интензитет на иселување на населението од граничните подрачја оставил несогледиви негативни последици за наредниот период. Ваквите негативни трендови посебно се изразени во источните делови на појасот, а од друга страна општините од западниот дел на границата имаат позитивно миграционо салдо.

**Табела бр. 54.**

## Природно механичко движење на населението во граничните појаси од 0 - 5 и 6 - 10 км.

| Граничен појас | Површина во ha. | Население 1953 | Природен прираст | Миграции 1953-1961 | | Население 1961 | Пораст 1953/61 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - | - | - | 1953-61 | дос. | одсе. | - | (+ -) |
| Граничен појас 0 - 5 | 76887 | 34398 | 6582 | 2736 | 10906 | 33229 | -1169 |
| Граничен појас 6 - 10 | 96986 | 54545 | 10192 | 4527 | 11148 | 56252 | 1707 |

Пресметано според: Природно и механичко движење на населението во СРМ, 1953 и 1961 година;
„Статистички преглед" 10/70

# ТРЕТ ДЕЛ

# III. Влијание на демографските движења врз подготовките и организирањето на одбрамбено - заштитниот систем

## III.1. Влијание на демографските движења врз пополнувањето на вооружените сили и другите структури во системот на одбраната

### III.1.1. Воената организација на Република Македонија - Армија на Република Македонија

Во својата долгогодишна историја, човекот постојано бил предмет на разни загрозувања, поради што бил приморан да создава одбрамбено - заштитни структури, за да му обезбедат сигурен и спокоен живот, перспективен развој и заштитата на материјалните и културните вредности.

Според тоа, одбраната и заштита, отсекогаш претставувала основна и една од највиталните функции што неминовно морала да ја решава државата, како би обезбедила мирен и перспективен развој, како на внатрешен така и на надворешен план.

Со осамомостојувањето на Република Македонија во 1991 година и со донесувањето на Уставот на Република Македонија, се создадоа услови Македонската држава сама да ги решава, покрај другите и одбрамбено заштитната функција.

Според тоа **"Одбраната на републиката се организира како систем за одбрана на независноста и територијалниот интегритет на Република Македонија.**

Одбраната на Републиката ја остваруваат **граѓаните, органите на државната власт и вооружените сили на Република Македонија.** Претпријатијата, јавните установи, служби и локалната управа можат да извршуваат определени задачи во областа на одбраната.

Изнесеното упатува на заклучокот дека доколку сака да опстои, Република Македонија мора да организира, опремува и издржува автонимен и респективен одбрамбено - заштитен систем, значи треба да обезбеди т.н. интегрална одбрана и безбедност.

Одбрамбениот модел на Република Македонија е поставен врз современи основи и се потпира врз три основна столба:

1. Вооружените сили, сочинети од редовен состав со проширен професионализам и резервен состав.

2. Цивилна одбрана.

3. Вклучување во колективните системи на одбрана.

За реализација на својата одбрамбена политика и целите на одбраната, како и сите други земји во светот, така и Република Македонија формира сили за одбрана кои во одреден момент може да ги стави во функција на својата одбрана. Силите на одбраната го опфаќат вкупниот потенцијал на Република Македонија, кои во даден момент може да ги стави во функција и тоа: човечкиот, материјалнио - техничкиот, културно - историскиот и сл.

Кога станува збор за човечкиот потенцијал треба да се имаат во предвид два аспекта: Квантитативност и Квалитативност.

Квантитативната страна, ја чини, севкупниот број на населението кое може да се стави во функција на реализацијата на одбрамбено - заштитната функција, а квалитативната страна ги опфаќа сите други карактеристики врзани за демогравскиот потенцијал, кои се од особено значење за одбраната: старосната структура на населението, половата структура, кфалификационата структура, социо - економската положба, здравствената и психофизичката состојба, оспособеноста и обученоста за извршување на одбранбените задачи, миграционата компонента во поодерни подрачја, патриотизмот и сл.

При конституирањето на Армијата на Република Македонија (во натамошен текст: АРМ), законодавецот, водејќи сметка за вистинските состојби, потреби и можности, се определи за воена организација заснована на општа воена обврска, но и со проширен професионализам, кога станува збор за високо специјализирани задачи. Во таа смисла, член 19 од Законот за одбрана, АРМ е дефинирана како "вооружена сила на сите граѓани на Рпубликата, што е во согласност со концептот на граѓанското општество во Република Македонија." Но од поголемо значење е начинот на кој во Уставот е утврдена нејзината функција. Во член 122 од Уставот на Република Македонија се вели: "Вооружените сили на Република Македонија го штитат територијалниот интегритет и независноста на Републиката."

Значи Република Македонија, се определи за сопствени сили затоа што постоењето на вооружените сили во сите земји на светот не е израз на субјективната волја на државата, туку на реални услови, процеси и односи во светот.

Тие се состојат од оперативната (постојана) армија и резервен состав на армијата. Според тоа и нашата Република се определи за модел на вооружени сили кои се состојат од оперативна армија и резервен состав.

За успешно и ефикасно остварување на својата однрамбена функција, Вооружените сили, треба да бидат малубројни, високо - технички опремени, подвижни (со висок степен на маневарска

подвижност), со солидна организациона поставеност и со прецизно утврдени задачи во мир и во воена состојба. Постојаниот и резервниот состав го сочинуваат воениот (формацискиот) состав на АРМ за воена состојба.

Постојаниот состав на АРМ, треба да се подготвува во мир, со цел да може успешно да ги извршува своите основни функции ако за тоа се укаже потреба, а тоа се: да ги штити границите, да води сметка за севкупниот режим на границите, да осуети и попречи евентуална агресија врз Република Македонија, да отстранува други воени опасности, да се спротивстави на почетниот удар на евентуалниот агресор, да овозможи мобилизација на ВС и други субјекти на системот на одбраната, да обезбеди услови за премин на општеството од мирновремени на воени услови на работа и сл.

Според карактерот на просторот на Република Македонија и непосредното окружување, АРМ се состои од:

- копнена војска
- воено воздухопловство и противвоздушна одбрана
- езерска служба.

**Копнената војска на ВС** на Република Македонија ги има следните задачи: водење борбени и други дејствија против евентуален агресор на копно, вода и во воздух, обезбедувањето на режимот на границите и нивната безбедност во сите услови и време, водење долготрајна одбрана, водење борба и отпор и на привремено запоседната територија, постојано прилагодувајќи се на потребите и можностите.

**Военото вазддухопловство и противвоздушната одбрана** ги има следните задачи: следење на состојбите во воздушниот простор и водење противвоздушна одбрана на Република Македонија, поддршка на другите видови ВС, извидувачки, санитетски и други работи за потребите на одбраната на Република Македонија.

**Езерската служба** ги има следните задачи: да ги штити границите на Република Македонија кои поминуваат преку езерата во Македонија, да се оспособува и да води борбени дејствија на вода, да ги подржува дејствијата на другите родови во езерските зони.

**Резервниот состав на АРМ,** би се состоел од 80000 до 85000 војници кои го одслужиле воениот рок и се преведени во резерва.

Постојаниот и резервниот состав, кои го сочинуваат војнениот состав на АРМ, би опфатиле околу 5% од вкупниот број на населението на Републиката. Војениот состав по потреба во својата формација би можел да опфати и до 10% од вкупното население на Републиката.

Војениот состав би се состоел од истите видови, резерви и служби.

Оружената борба е главен и решавачки облик за спротивставување на вооружената агресија, а основен носител на вооружената борба се ВС на Република Македонија.

Секако, покрај вооружената борба нема да изостанат и сите други видови и форми на цивилна одбрана.

Подготовките за вооружената борба и одбрана од евентуална агресија мора со најголема одговорност да се спроведуваат во мир. Истите мора да бидат сеопфатни, непрекинати, рационални и меѓусебно плански усогласени.

Тоа значи дека подготовките за вооружена борба, имаат стратегиско значење и во основа, покрај подготовките на вооружените сили, ги опфаќа и подготовките на сите други структури на одбрамбено - заштитниот систем, како и уредувањето на територијата на Република Македонија за потребите на одбраната.

Бидејќи населението е единствениот активен (свесен) чинител од севкупната просторна структура, трансформабилноста и ефикасното воено функционирање на сите системи, во најголем степен зависи од бројноста, виталноста и просторниот распоред на населението.

Од овие причини, населението, претставува многу важен фактор и глобално гледано и според предходно презентираните податоци граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија располага со витално население, кое сé уште е далеку од критичната старосна граница, па според тоа, човечкиот фактор во овој граничен појас, како и во појасите од 0 - 5 км. и 6 - 10 км., во догледно време нема да биде ограничувачки фактор за успешно организирање и водење на одбрамбена војна. Оваа од причина што во 1981 година учеството на старосната група преку 65 години било 7,3%, а на младата до 19 години, 45,2% што значи дека индексот на стареење изнесува 0,16.

Меѓутоа, поради многубројните причини меѓу кои брзата урбанизација, миграциите, емиграциите и зголемувањето на природниот прираст помеѓу населените места по одделни општини, во граничниот појас, направен е нерамноправен распоред на населението, што од одбрамбениот аспект претставува доста неповолна состојба. Оваа карактеристика посебно се однесува на анализата која е направена со овој труд, според националната структура на населението по населените места при што е видно дека најголем прираст имаме кај албанското население, а помал кај македонското население. Од тој аспект најголем прираст прикажуваат населените места од западниот дел од граничниот појас каде преовладува албанското население и кои се одликуваат со понизок степен на урбанизација, а од друга страна поисточните делови на граничниот појас покажуваат многу поскромни стапки на

природен прираст на населението и има смалување на бројот на жителите. Таквите тенденции на демографското празнење на просторот ќе имаат крајно негативни последици врз пополнувањето на вооружените сили и другите структури на системот на одбраната и воопшто врз севкупниот живот на тие простори.

Следејќи ги анализираните статистички податоци, јасно произлегува дека источниот дел на границата, демографски постојано се празни со тенденција на натамошно намалување на населението во овие простори. Ваквата појава ќе има особено негативно влијание врз пополната на вооружените сили со воени обврзници од овие краеви, кои, како добри познавачи на теренот би биле од огромна корист за поедини специјализирани единици.

Неповолната старосна структура, како и напуштањето на домовите и другите овјекти во овие краеви (школи, задружни домови и сл.), исто така ќе има лошо влијание врз можностите на дислокација на поедини индустриски капацитети и дисперзија на готови производи како и можност за прифаќање и збринување на загрозеното градско население од другите населени места кои во одредени моменти од војната би биле повеќе загрозени и принудени да вршат евакуација на своите граѓани.

Од друга страна западниот дел од граничниот појас се одликува со голема пренаселеност и голема густина на населението во селските населби. Меѓутоа, поради слабата комуникациска поврзаност со градовите како и големата оддалеченост од определените мобилизациски центри, пополнката на единиците на АРМ од овие подрачја е мошне мала па дури и незнатна. Големата пренаселеност на овие подрачја представува изразито неповолна околност при евентуална агресија од север, особено во првиот почетен удар кога се очекува токму поради густината на населението да има голем број на човечки загуби и тоа претежно на цивилното население.

Една од можните поволни околности за одбрана е можноста за ангажирање и вклучување на бројното работоспособно население во формирањето на одредени работни единици кои би биле ангажирани во фортификациското уредување и утврдување на тој простор.

Политичкиот фактор, исто така во зависност од тоа, кој е агресорот, може да има силно неповолно влијание врз целиот одбрамбено - заштитен систем на државата. Имено, во западниот дел на граничниот појас живее претежно население од албанската националност, а во централниот и источниот дел од српска националност кои се декларираат како Срби односно Албанци, па при евентуална агресија од север односно од запад, нормално е да се очекува голем дел од населението да ја избегнува воената обврска, а дел и да колаборира со агресорот и да се стави на страна на истиот.

### III.1.2 Влијание на демогравските движења врз водење на вооружената борба и отпор на населението

Постојаните извори на загрозување, од кои не е поштедена и Република Македонија, ја наметнуваат потребата од создавање на одбрамбено - заштитен систем во кој освен вооружениот, свое место ќе најдат и невооружените форми на отпор и спротивставување, кои претставуваат организирано и масовно учество на граѓаните во различни активности и постапки, насочени против агресорот, со цел непосредно, посредно и постојано да се крши силата, моќта и волјата на агресорот се до неговиот конечен слом.

Главен актер на тие активности е населението на целиот простор.

Цивилната одбрана, значајно го потикнува водењето на масовна вооружена борба, додека на ПЗТ дури представува и неопходен услов за тоа, додека и вооружената борба повратно влијае врз обемот на интензитетот на невооруженото спротивставување.

Невооружениот отпор и борба представуваат основа, а вооружената борба е одлучувачка ударна компонента на спротивставување на агресорот и водење на војната.

Без масовна невооружена борба и отпор, одбрамбената војна не може да се изведува, а без вооружена борба не може да се добие.

За мерките, постапките и активностите на невооруженото спротивставување, нема посебно во овој труд да се осврнуваме од причини што се општо познати, а посебно ќе се опсервира улогата на населението од граничниот појас, во реализацијата на мерките, постапките и активностите на невооруженото спротивставување.

Со оглед на тоа, што ридско - планинските подрачја во целина би биле побезбедни од градовите и другите населби, условите за изведување на овие дејства ќе бидат поповолни заради значително намалените противдејства на агресорот, кој во овие простори не може непрекинато да биде присатен.

Една од основните активности на населението во граничниот појас ќе биде **разузнувачко - извидувачка активност**, која е посебно значајна за правовремено организирање и изведување на други облици на борба и отпор.

Оваа значајна улога, населението во граничниот појас би ја имало и во услови на војна и во услови на мир.

Втор облик значаен за граничниот простор представува обезбедување на пополната, сместување, исхраната и згрижувањето на припадниците на вооружените сили.

Рамномерната разместеност на населението низ целиот граничен појас, позитивно би се одразило врз пополнување на ВС, со

што би се обезбедила правовремена регенерација на населението, а со тоа и можност за развој на нови воени единици. Спротивно на ова, во оние населени места кои имаат тенденција на празнење, оневозможена е квалитетна пополна на ВС со млади луѓе, според тоа населените места во појасот кои ќе успеат да го зачуваат својот демографски потенцијал ќе претставуваат сигурна база за понесметано пополнување на ВС и нивна регенерација.

Овие подрачја, имаат стратегиско значење во обезбедувањето на сместувањето и исхраната на ВС и другите структури на системот на одбраната, за што треба да бидат посебна грижа на целата општествена заедница, на соодветни претпријатија и севкупното население во тој простор.

Од тие причини, во мир се наметнува потребата од економско активирање и ревитализација на овие простори од посебно стратегиско значење за успешно и долготрајно водење на одбранбена војна, а посебно се наметнува потребата од спречување на сите негативни тенденции изразени во демографските движења во граничните подрачја, бидејќи тие негативно се одразуваат како во подготовките и водењето на вооружена борба, така и во подготовителни спроведувања на сите облици на невооружено спротивставување на агресорот при евентуална агресија врз Република Македонија.

# ЧЕТВРТИ ДЕЛ

# IV. Утврдување на моделот на прогноза на населението во граничните подрачја на Република Македонија према СР Југославија

Прогнозите на населението, денес станаа многу важно средство и значаен чинител во планирањето на општествено - економскиот и социјалниот развој на секоја земја, па затоа, денес во светот нема ниту една земја која не посветува посебно внимание на демографската проблематика. Затоа, потребата за прогноза на населението, се осеќа кај сите науки, посебно кои се просторно релевантни (урбанистичка, просторна, регионално планирање и др.). Прогнозите се, исто така, многу важни и за спроведување на популациската политика. Бидејќи со популациската политика се настојува, покрај сета почит на индивидуалните слободи и достоинства на човекот како општествено битие, да се влијае врз рационалното движење на населението во иднината и на усогласен развој на популациско - економски и општествени комплекси.

Од тие причини демографската политика на една земја, не може да се води надвор, изолирано од развојната и социјалната политика, туку напротив со нив заедно, треба да претставува еден интегрален дел. Демографските проучувања на пограничните појаси према Сојузна Република Југославија, во ова истражување ја дополнуваат и проучуваат примената на оваа дисциплина и во сферата на одбраната, односно, релевантните демографски показатели се анализираат во одредени просторни детерминанти и согледувањето на функцијата на човекот во просторот, што ќе има извонредно значење и за планирањето и подготовките на севкупниот одбрамбено - заштите систем на земјата.

Од тој аспект, просторните определби, представуваат значаен фактор, кој има силно влијание врз демографскиот развој во одредени поерачја и истите укажуваат, зошто се јавуваат различни проблеми, во движењето на популацијата и на нејзините структурални промени, па според тоа и насочуваат како да се решаваат проблемите.

Проучувањето на просторните детерминанти, представува значаен фактор кој има силно влијание и врз демографските истражувања, што ги чини покомплексни и апликативни, а тие истражувања преку овој труд даваат огромен допринос во подготвување и вклучување на овој простор во системот на одбраната на земјата на целокупниот простор, како константна големина.

Пограничните подрачја, претставуваат мошне важна и интересна област во градењето на системот на одбраната и претставуваат една комплексна целина од географски, економски, социјален и друг простор, кои влијаат врз зачувувањето на човечкиот потенцијал во тој простор и одржувањето на борбената и економската активност во услови на војна, значајна основа за пополнувањето на вооружените сили и другите субјекти на системот на одбраната. Од овие причини се наметнува потребата за постојано и непрекинато следење и истражување на демографскиот потенцијал, како и негово апроксимативно движење, во иднина и во таа насока ќе вршиме прогнозирања до одредена година.

Прогнозата на движењето на демографскоте потенцијали во граничните населени места, има значајна и стратегиска улога, посебно во следењето на демографските потенцијали значајни за формирање и пополната на единиците на вооружените сили, со поедини воено - евиденциони специјалности кои се потребни за квалитетно и целосно пополнување на ВС.

Ова е особено значајно, во оние населени места кои се на прагот на целосно празнење, а таков е случајот со источните делови на граничниот појас, утврдено со ова истражување, што негативно би се одразило врз севкупните активности на тие простоси, а со тоа и врз организирањето и делувањето на целокупниот одбрамбено - заштитен систем.

За целосно и точно утврдување на развојот на населението во граничниот појас на Република Македонија према СР Југославија, се наметнува потребата за утврдување на оригинален модел за прогноза на населението. Врз основа ва утврдениот тренд на движењето на населението во граничните населени места, да се врши усклaдување на воено - одбрамбените подготовки на тие простори со вистинските демографски потенцијали.

Прогнозирањето на идните промени на бројот на населението се засновува на резултатите од предходните пописи и врз основа на нив се утврдуваат положбите во предходниот и идниот период, усогласени со разни временски интервали за кои вршиме истражувања.

Во овој труд, за научното следење на движењето на бројот на населението во граничниот појас, се определивме за утврдување на модел на прогноза на населението со примена на параболичниот тренд (параболична функција). Врз основа на пресметаните вредности на параметрите на параболичноит тренд [*)] кои представуваат константи, може успешно и апроксимативно да се

---

*) Забелешка : Во основа параболичниот тренд и другите функции на трендот даваат потчни екстраполирани вредности за пократок временски период

врши екстраполација (предвидување на појавите) до година за која вршиме прогнозирање.

Начинот на пресметување на математичкиот израз на параболичниот тренд за граничниот појас од 0 до 5 км. е следниот :

Функцијата на параболичноит тренд :

$$Y_t = a + bx + cx^2$$

$P_0 = a + bt + t^2$

$P_t = a + b(n+t) + c(n+t)^2$

$P_{n+t} = a + b(n+t) + c(n+t)^2$

$P_0$ - број на населението во граничниот појас од 0 до 5 км. во 1961 год.

$P_t$ - број на населението во граничниот појас од 0 до 5 км. во 1971 год.

$P_{t+n}$ - Бројот на населението во граничниот појас од 0 до 5 км. во 1981 год.

Се определуваат и вредностите "X" и "Y"

| (X) - Година на пописот | (Y) - Бројот на население |
|---|---|
| 1961 (0) | 33229 ($P_0$) |
| 1971 (10) | 32157 ($P_t$) |
| 1981 (20) | 27379 ($P_{n+t}$) |

Со замена на вредностите добиваме :

$33229 = a$

$32157 = 33229 + 10b + 100c$

$27379 = 33229 + 20b + 400c$

